Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë
Macedonian Red Cross

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# RAPORTI VJETOR
# ANNUAL REPORT
# 2014





# Станете волонтер

Црвениот крст ја мобилизира моќта на волонтерите да го спречи и отстрани страдањето на луѓето при итни состојби. Вашиот локален Црвен крст можеби нуди можности за обука кои вам ви се потребни за да може да бидете подготвени при катастрофи или за организација на крводарителска акција или за доставување пораки на војници или за спојување на семејства разделени како резултат на воени судири, Волонтерите на Црвениот крст ги обединува нивната служба и чувството дека со тоа што ги менуваат животите на другите си ги менуваат и своите животи.

# Дали сте подготвени да волонтирате?

## ВИЗИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РМ

Нашето работење втемелено врз универзалните принципи, има моќ да го унапреди светот во кој живееме преку промовирање на мир и толеранција, ефикасна превенција, навремен одговор и соодветна поддршка за ранливото население.

## МИСИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РМ

Црвен крст на Република Македонија е хуманитарна, волонтерска организација која делува согласно основните принципи на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена Полумесечина, работејќи на планот на обезбедување помош и услуги на ранливото население и промовирање на Меѓународното хуманитарно право и хумани вредности

# СОДРЖИНА:


ВОВЕД ... 5
ПРОЦЕС НА СЕРТИФИКАЦИЈА ЗА СИЛНО НАЦИОНАЛНО ДРУШТВО ... 6
ОРГАНИЗАЦИСКА НАДГРАДБА НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО ... 10
МЕНАЏМЕНТ СО ВОЛОНТЕРИ ... 12
СОРАБОТКА ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ ... 12
МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ ... 14
ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ ... 17
ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ И КРИЗНИ СОСТОЈБИ ... 18
СЛУЖБА БАРАЊЕ ... 22
ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ ... 23
ПРВА ПОМОШ ... 25
КРВОДАРИТЕЛСТВО ... 26
СОЦИЈАЛНО-ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ ... 28
ДИСЕМИНАЦИЈА ... 34
НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ЗА МХП ... 34
ПРОГРАМА ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА-ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ (ЦКА-ПХВ) ... 35
МЛАДИНСКИ АКТИВНОСТИ ... 36
БЛАГОДАРНОСТ ДО ВОЛОНТЕРИ, ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ПАРТНЕРИ И ДОНАТОРИ ... 38
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2014 ГОДИНА ... 39

# ВОВЕД

Живееме во свет кој е побогат од кога и да е но истовремо обременет како никогаш досега со различни предизвици и потешкотии по населението. Годината која измина, како резултат на климатските промени ја обележаа природни катастрофи во нашето опкружување со несогледиви последици. Зголемениот интензитет на локални и меѓудржавни конфликти во светот исто така доведе до присуство на значителен број на мигранти во земјата и регионот. Економските превривања исто така придонесоа нашата организација да одвојува значителен дел од своето внимание и напори на обезбедување на хуманитарна поддршка за различни категории на маргинализирани групи.

Нашата хуманитарна работа се одвиваше во опкружување во кое дел од населението беше изложено на одредени притисоци и предизвици. Се обидовме со нашите материјални и човечки капацитети и поддршката на нашите партнери, пред се корпоративниот сектор, националните друштва на Црвен крст и црвена полумесечина, државните институциите и други меѓународни организации да се справиме со повеќе предизвици во нашите напори да изградиме општество во кое ранливото население е побезбедно и ги ужива суштинските предуслови за достоинствен живот.

Но во нашата работа никогаш не ја заборавивме развојната компонента. Постојано инвестиравме во развој и надградба на нашите капацитети и унапредување на компетенциите и вештините на нашите вработени и волонтери. Бевме заедно со младите но и со повозрасното население. Се множеа клубовите на млади но и клубовите на повозрасните кои во нивната трета доба покажаа и докажаа дека на нив секогаш може да се смета. Го негувавме соживотот, солидарноста и меѓусебната толеранција. Докажавме дека сме хуманитарен лидер во зајакнување на заедниците во услови на кризни состојби и катастрофи помагајќи им на луѓето да имаат безбеден и достоинствен живот.

Нашите напори во изминатите години, постојано да учиме, да се надградуваме и усовршуваме, резултираше со највисокото признание на Меѓународната Федерација која во изминатите три години спроведе евалуација и процена на работата на Црвениот крст на Република Македонија за исполнување на стандарди и квалитет во работата и притоа го додели првиот сертификат за силно национално друштво на Црвениот крст на Република Македонија. Со ова докажавме дека Црвениот крст сеуште преставува извор на национална гордост во сите локални заедници во Република Македонија и дека како организација ги негуваме основните вредности и принципи на хуманост, толерантност, соживот, непристрасност.

Тескстовите кои провејуваат во овој извештај ги отсликуваат нашите иницијативи и постигнувања за намалување на ризици и подготвеност при катастрофи, подигање на свеста за климатските промени, заштита на животната околина, социјално-хуманитарни активности за намалување на ранливоста на различни целни категории како и здравствено - превентивните програми и кампањи на нашето национално друштво за превенција на болести и зависности и здрав живот, хуманите вредности, градење на взаемна доверба и разбирање, толеранција и дијалог посебно кај помадите генерации и помеѓу различните етникуми..

Ве покануваме на хуманитарно патување низ страните на нашиот годишен извештај каде ќе се запознаете со нашето практикување на седумте хуманитарни принципи на хуманост, непристрасност, независност, волонтерска служба, универзалност и делата на нашите имени и безимени волонтери.

д-р Милчо Трајков
Претседател

д-р Саит Саити
Генерален Секретар

# ПРОЦЕС НА СЕРТИФИКАЦИЈА ЗА СИЛНО НАЦИОНАЛНО ДРУШТВО

Во перидот октомври 2011 година – март 2014 година Црвениот крст на Република Македонија помина низ процес на сертификација на организациските капацитети на кој беше спроведен од страна на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.Главната цел на процесот за организациска процена на капацитети и сертификација е да им се овозможи на националните друштва да ги проценат своите капацитети и работа со цел да се утврдат најдобрите пристапи за самостоен развој, како и да се даде потврда за оние национални друштва кои имаат постигнато високо ниво на компетентност. Процесот за организациска процена на капацитети и сертификација е комплексен процес составен од две посебни процени. Едната е самопроцена, а другата е процена од надворешен тим за процена. Двете процени се придружени со сеопфатни сетови на организациско - развојни интервенции, кои се скроени да укажат на специфични дефицитарни капацитети кои се идентификуваат за време на процените.

Црвениот крст на Република Македонија успешно го помина процесот на сертификација. Подоле се поместениизвадоци од финалниот извештај на Меѓународната Федерација кој ги презентира наодите од двете спроведени процени и препораката за сертифицирање на ЦКРМ. Сертификатот за силно национално друштво се очекува да биде свечено предаден на Црвениот крст на РМ на генералното собрание на Меѓународната Федерација кое ќе се одржи во ноември 2015 година.

## ИЗВАДОЦИ ОД ИНТЕГРАЛЕН ИЗВЕШТАЈ НА НАДВОРЕШЕН ТИМ ЗА ПРОЦЕНА НА ФЕДЕРАЦИЈА

### Сертифицирање на организациски капацитети на националните друштва- Фаза 1

Првата фаза од процесот на сертификација (самопроцена) беше спроведена во Струга, Македонија во периодот од 22-24 октомври 2011 година. Тимот на Меѓународната Федерација посети и 3 ООЦК (Скопје, Охрид и Куманово). Сесијата беше фасилитирана од Роџер Браке и Инам Улах од одделот за организациски развој на Меѓународната Федерација од Женева. Целта на Фаза 1 на сертифицирање на организациски капацитети на националните друштва беше да се проценат капацитетите и работатана ЦКРМ за да се утврдат најдобрите пристапи за личен развој.Црвениот крст на Република Македонија беше позитивно оценет за сите 88атрибути за успешност во работењето што сведочи дека националното друштво е добро фокусирано со добра организациска култура и добро дефинирани внатрешни системи. Со тоа ЦКРМ веднаш ги исполни критериумите за спроведување на Фаза 2 во Македонија.

### Сертифицирање на организациски капацитети на националните друштва- Фаза 2

Надворешната процена беше спроведена во Скопје, Македонија во периодот 8-10 март 2014 год. Надворешниот тим за процена, предводен од Роџер Браке,шеф на Оддел за развој на перформанси на Федерација беше составен од 3 претставници на Меѓународната Федерација, два претставници на Словенечки Црвен крст и два претставници на Грузиски Црвен крст.

Целта на надворешната процена беше да се разгледаат други елементи покрај капацитетите на националното друштво како што се функционирањето на националното друштво во националниот контекст. Оваа процена е дизајнирана да се одмери влијанието од работата на националното друштво во 4 различни димензии: **внатрешна кохезија, релевантен избор, оптимален квалитет и оптимален опсег на услуги** кои ги обезбедува националното друштво во земјата.

Надворешниот тим за процена помина 3 дена во националното друштво и имаше можност да:разгледа и дискутира докази обезбедени од ЦКРМ;посети 2 водечки корпоративни партнери во земјата;оствари средба со министерот за труд и социјална политика;оствари посета на ЦК на град Скопје;оствари посета на Дневниот Центар за крводарителство;оствари посета на Дневниот Центар за стари лица;оствари посета на Пунктот за бездомници;оствари посета на Центарот за поддршка на баратели на азил;оствари посета на ЦК Крива Паланка и се сретна со корисници на

програмот за грижа за стари лица во домашни услови.

**Внатрешната кохезија** на националното друштво е присутна во исклучително голема мера, прво од гледна точка на очигледните топли и лесни односи на сите нивоа нанационалното друштво, на ниво на раководство, на ниво на управа, помеѓу вработените, волонтерите и младите. Постои слободна и лесна размена и почитување на мултикултурната историја и разновидност кое постои во македонското општество.

Видливата кохезија се потпира на силната култура на длабоко споделување на заедничка визија во однос на идентитетот и иднината на друштвото и постојаното инвестирање во одличната комуникација. Стратешкиот план на ЦКРМ 2020 ги интегрира мисијата и визијата, стратешките цели и приоритети, достапните капацитети и клучни активности за исполнување на зацртаните цели. Сите документи се донесуваат преку јавна дебатакаде членовите и волонтерите имаат можност да ги искажат своите ставови и мислења. Документите се публикуваат на 3 јазици и се споделуваат со сите партнери и се постираат во електронска форма на интернет страната на ЦКРМ. Уште 11 ООЦК имаат свои интернет страни. ЦКРМ исто така издава неделен електронски весник кој се дистрибуира на 70.000 е-маил адреси. Генералниот секретар истакнува дека успехот се должи делумно на редовната и отворена комуникација на сите нивоа на националното друштво како и со партнерите и јавноста.

**Изборот на ЦКРМ на релевантни услуги** е друга компонента на успехот. Согласно со Законот за ЦКРМ, проектите се фокусирани на приоритетните потреби на ранливото население со кои се обезбедува поддршка за клучни потреби во



заедниците во соработка со локалните власти и други релевантни партнери. Идентификацијата на потреби се прави преку систематска процена на целните групи. Ова се прави на партиципативен начин составен од претставници на ЦКРМ и клучни партнери врз база на утврдени потреби согласно со спроведени анкети во земјата. Одличен пример за успехот на овој процес на селектирање може да се види во дневните центри за стари лица и пунктот за бездомници.

Како понатамошен доказ за силната релевантност на работата на ЦКРМ во општественото опкружување е силната соработка со различни владини тела. Согласно со Законот за ЦКРМ, националното друштво соработува со Владата на РМ и е член на шест различни владини тела. Повеќе министри па и самиот премиер со гордост членуваат во националното друштво што само по себе зборува за угледот на организацијата. Општинските организации на ЦКРМ исто така учествуваат во телата на локалните власти на локално ниво. ЦКРМ исто така е член на неколку национални мрежи во граѓанскиот сектор кои имаат за цел да ги координираат активностите во одредени области како што се на пример климатските промени, ХИВ/СИДА и ТБ.

**Оптималниот квалитет** на услуги ЦКРМ го обезбедува преку двоен пристап. Постои силна култура за мониторинг и евалуација со кои се врши преглед и евалуација на програмите на национално на национално и локално ниво на годишно ниво. Се прави годишна ревизија од страна на Централата и ООЦК. Сите годишни планови за работа се споредуваат и анализираат согласно со остварените резултати во претходната година и целите утврдени за тековната година. Резултатите од работата се презентираат на јавноста. Покрај културата за мониторинг и евалуација на ЦКРМ, националното друштво го следи и проверува квалитетот на своите услуги преку редовно испитување на задоволството на корисници на услуги. Резултатите се прегледуваат од страна на вработените и волонтерите а исто така се и предмет на надворешна ревизија.

Квалитетот на работата на ЦКРМ исто така е изразен во воспоставени партнерства и доделени признанија. Два од водечките лидери во корпоративниот сектор во Македонија (ЕВН и Алкалоид) изразија длабоко задоволство и благодарност за соработката со ЦКРМ. Исто така министрот за труд и социјална политика истакна дека тие се многу задоволни што ЦКРМ е нивен партнер бидејќи ЦКРМ задоволува важни потреби на ранливото население во општеството кои не ги покрива владата.

Потврда за квалитетот на работата на ЦКРМ е и долгогодишното партнерство со УНХЦР и Глобалниот Фонд. ЦКРМ е партнер со УНХЦР повеќе од 10 години во обезбедувањето на здравствена грижа и логистичка поддршка за бегалци и баратели на азил а со Глобалниот Фонд е партнер повеќе од 8 години во сферата на ХИВ/СИДА и ТБ во делот на обезбедување на грижа и превенција. УНДП ја класифицира соработката со ЦКРМ како една од 5-те најуспешни во 2010 година преку проектот за подигање на свеста за подготвеност и дејствување при катастрофи.

Во 2012 година, ЦКРМ е добитник на годишното признание за филантропија и општествена одговорност доделено од центарот за Институционален Развој. Двајца волонтери на ЦКРМ исто така се препознати како хуманитарни лидери во земјата од страна на Владата на РМ.

Конечно, определбата за **зголемување на опсегот на услуги** е евидентна на повеќе нивоа преку заложбата за идентификување и реплицирање на успешни услуги како што се лидер во сферата на унапредување на крводарителство, обезбедување на обуки по прва помош за кандидати за возачи, водечка улога во сферата на спасување на планина и безбедност на вода.

Специфични услуги како што се подигање на свеста за само-заштита од катастрофи се присутни во целата земја, а за време на ладни и топлотни бранови волонтерите на ЦКРМ обезбедуваатсуштинска поддршка преку дистрибуирање на информативен материјал, вода, засолниште и хуманитарни пакети.

ЦКРМ исто така организира и имплементира големи национални програми. ЦКРМ е клучен актер во промовирање и организирање на крводарителски акции во земјата со собрани 55.000 единици крв (3% од населението) на годишно ниво што стопостотно ги задоволува потребите од крв во земјата.

ЦКРМ е признат како водечка организација во земјата на хуманитарен план. Над 5.000 организации, фондации и асоцијации се активни во Македонија, но само ЦКРМ е се издвојува како примарен партнер на владините министерства.

ЦКРМ исто така е примарен избор и на корпоративниот сектор кога станува збор за имплементација на активности за општествена корпоративна одговорност. Ова доаѓа како резултат на професионалниот однос кон доделените обврски, партиципативниот пристап во имплементацијата на услуги и активности, задоволството на корисниците и партнерите.

Транспарентноста во работата и доброто известување и имиџот на организацијата резултираше со потпишување на договори за соработка на ЦКРМ со многу владини министерства



и други државни институции, локални самоуправи кои претставуваат рамка за работа на ЦКРМ со партнерите.

ЦКРМ исто така е лидер во земјата во имплементацијата на програми како што се првата помош за возачи и е единствената организација во земјата која има обучени инструктори и спасувачи за безбедност на вода и планина.

ЦКРМ ја користи методологијата на пилотирање на проекти и програми и реплицирање на успешните практики со што се обезбедува успешност и одржливост на услугите. Два примери за ова се проектот за грижа за стари лица во домашни услови кој сега е препознат и поддржан и од владата како и програмот за подигање на свеста кај младите за опасности од катастрофи. Вториот проект е препознат од УНДП и рангиран меѓу 5-те најдобри во светот.

## ПРЕПОРАКА НА НАДВОРЕШНИОТ ТИМ ЗА ПРОЦЕНА

***Посеопфатнотопрегледувањенадоказитеподнесени од страна на Црвениот крст на Република Македонија, Надворешниот Тим за Процена му препорачува на Комитетот за Усогласеност и Посредување на Меѓународната Федерација да го прогласи Црвениот крст на Република Македонија за 1-во сертифицирано национално друштво со оценка "за пример".***



# ОРГАНИЗАЦИСКА НАДГРАДБА НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО

**Развојните определби на националното друштво во 2014 година беа насочени кон подобрување на имиџот на националното друштво во земјата и во рамките на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина како и кон унапредување на квалитетот на услугите за различни категории на корисници на услуги и надградба на капацитетите на интегралните делови на националното друштво. Клучните активности во 2014 година беа насочени кон заокружување на процесот на сертификација на ЦКРМ за силно национално друштво, обука и надградба на капацитети на човеките ресурси и унапредување на партнерската соработка на Црвениот крст во земјата и странство.**

**Работилница за обука на службата за подготвеност при катастрофи.** Во рамки на активностите за надградба на капацитетите на стручната служба на ЦКРМ беше организирана работилница за подготвеност при катастрофи. Работилницата се одржа во перидот од 24 до 26 април 2014 во Струга во центарот за обука и рекреација на ЦКРМ. За време на обуката службата беше запозната со повеќе содржини поврзани со градење на капацитети и подготвеност во случај на природни катастрофи.

**Координативна средба со секретари на ООЦК и ЦКГС.** Во периодот од 20 до 21 јуни, 2014 год. Црвениот крст на Република Македонија организираше работна средба со секретарите на општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје. Работилницата се одржа во Струга и на неа зедоа учество 27 секретари. Координативна средба беше искористена за презентирање на повеќе содржини поврзани со работата на националното друштво како што се мобилизирање фондови,проектно





работење, финансиски и административни процедури, стандарди за добро управување, развој на прва помош и крводарителство, финансиски предизвици и други актуелни состојби во работата на ООЦК. Секретарите на ООЦК исто така ги презентираа различните предизвици со кои се соочуваат во текот на секојдневната работа во нивните локални средини како и за претстојните приоритети на општинските организации на Црвен крст кои произлегуваат од страна на постојните предизвици.

**Семинар за планирање на проекти и програми.** Во периодот од 22 до 24 август Црвениот крст на Република Македонија одржа работилница за планирање проекти и програми во рамки на имплементација на ИПА проектот за грижа на стари лица кој се имплементира во општините Кичево, Прилеп и Гостивар. Работилницата се одржа во Струга во центарот за обука и рекреација на ЦКРМ. Цел на работилницата беше подобрување на капацитетите за планирање проекти и програми во општинските организации на Црвен крст и невладините организации од овие 3 општини кои се дел од проектните активности. Обуката опфати по два претставника од 11 организации од граѓанскиот сектор од овие 3 општини и по двајца претставници од ООЦК Битола и ООЦК Струга.

**Координативната средба со претседатели на ООЦК.** Во рамки на активностите за надградба на капацитети и обезбедување на ефективна координација на раководната структура на националното друштво, се одржа работна средба за претседателите на општинските организации на Црвен крст/ Црвен крст на град Скопје. Координативната средба се одржа на 20 септември 2014 година во Куманово. На средбата присуствуваа претседатели на 19 општински организации и се дискутираа повеќе теми меѓу кои анализа на работата на претседателите на општинските организации на Црвен крст во втората мандатна година; анализа на реализирани евалуациски посети за следење на работата на општинските организации на Црвен крст и ЦК на град Скопје; воведување на алатка за евалуација на работата на секретарите на ООЦК и ЦК на град Скопје и правилник за методологија за определување број на работни места и за пресметување плати на секретари и вработени во организацијата на Црвениот крст на РМ.

**Координативна средба со секретари на ООЦК.** Во рамки на редовните активности за надградба на капацитети на општинските организации на Црвен крст беше одржан состанок со секретарите на ООЦК/ЦКГС на 26. 09. 2014 година во Скопје на кој присуствуваа секретари од 32 општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје. На состанокот се дискутираа повеќе теми: анализа на реализирани евалуациски посети за следење на работата на општинските организации на Црвен крст и ЦК на град Скопје, актуелни прашања во сферата на крводарителство, прва помош, млади, ЦКА-ПХВ, подготвеност и дејствување при катастрофи, социјално хуманитарна дејност, подготовка на оперативен план за работа за 2015 година, подготовка на правилник за методологија за определување број на работни места и за пресметување плати на секретари и вработени во организацијата на Црвениот крст на РМ и воведување на алатка за евалуација на работата на секретарите на ООЦК и ЦК на град Скопје.

**Семинар за волонтерски менаџмент.** Во периодот од 28 до 30 ноември, Црвениот крст на Република Македонија одржа работилница за волонтерски менаџмент во рамки на имплементација на ИПА проектот за грижа на стари лица кој се имплементира во општините Кичево, Прилеп и Гостивар. Работилницата се одржа во Струга во центарот за обука и рекреација на ЦКРМ. Цел на работилницата беше подобрување на капацитетите за привлекување на волонтери во општинските организации на Црвен крст и невладините организации од овие 3 општини кои се дел од проектните активности .

# МЕНАЏМЕНТ СО ВОЛОНТЕРИ

## Волонтерската приказна во Црвениот крст

Поддршката и развојот на волонтерството претставува предуслов за сите програмски активности кои ги имплементира Црвениот крст на Република Македонија. Оттука произлегува и постојаното залагање за надградба на капацитетите за успешно менаџирање на волонтерските програми како приоритет во активностите на националното друштво. Во 2014 година организирани се повеќе обуки за одговорните лица за организирање на волонтерска работа, лидерите на клубовите на млади и избрани претставници на општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје за успешна проценка, регрутирање, организирање, мотивација и координација на волонтерите во активностите на Црвениот крст.

За промовирање на влијанието на Црвениот крст на Република Македонија спроведе селфи кампања по социјалните мрежи со познати личности кои ја споделија својата приказна во Црвениот крст во насока на поттикнување на јавноста за активна поддршка на хуманитарните активности кои ги организира Црвениот крст.

На 5-ти декември „Светскиот ден на волонтерството "Црвениот крст на Република Македонија додели благодарници на: Васил Апостолов, Ваит Мустафа и Димитар Каракулев, за посебни заслуги во остварување на целите и задачите на националното друштво и за својот повеќе годишен активитет како волонтери, како и на ООЦК Чаир за најмногу реализирани волонтерски часови во рамките на ЦКА-ПХВ програмата за циклусот 2013/2014 и Дневен центар за стари лица и центар за давање на помош во домашни услови. За време на настанот се поделија и награди-фотоапарати за најдобра фотографија од активност на Црвениот крст на ООЦК Охрид и најдобро спроведена Селфи кампања на ООЦК Карпош.



# СОРАБОТКА ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ

Во текот на 2014 година Црвениот крст на Република Македонија реализираше повеќе активности на меѓународен план насочени кон обезбедување програмски и проектни средства за надградба на своите капацитети, споделување на позитивни искуства и знаења и унапредување на билатералната соработка со национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина и други меѓународни организации и агенции. Претставници на националнто друштво зедоа учествуво на повеќе меѓународни конференции, семинари, состаноци, обуки и младински кампови. Меѓународните активности по дејности се интегрален дел на овој извештај.

**Сертификација на ЦКРМ за силно национално друштво.** Втората фаза од процесот на сертифицирање беше спроведена во Македонија во периодот од 4 до 8 март 2014 година. Процената ја спроведе надворешен тим за процена составен од 3 претставници на Секретаријатот на Меѓународната Федерација и по два претставника од Словенечки Црвен крст и Грузиски Црвен крст. Црвениот крст на Република Македонија успешно одговори на овој предизвик и ја доби највисоката оцена за квалитет и работа на националното друштво. Надворешниот тим за процена даде највисоки оцени за работата на Црвениот крст на Република Македонија во сите четири димензии кои беа предмет на проценување.

**Билатерална посета на делегација на Црвен крст на Косово.** На 15 мај 2014 година Црвениот

крст на Република Македонија беше посетен од четиричлена делегација на Црвен крст на Косово предводена од претседателот на организацијата Адем Нура и генералниот секретар Фериде Хусени. За време на еднодневната посета делегацијата на Црвен крст Косово беше примена од претседателот на Црвен крст на Република Македонија д-р Милчо Трајков и од генералниот секретар д-р Саит Саити при што беа разменети искуства околу функционирањето и институционалниот развој на двете организации. Гостите го посетија и Црвен крст на град Скопје, Дневниот центар за крводарување и Дневниот центар за стари лица во Даре Џамбаз-Скопје.

**9-та Европска конференција на Црвен крст и Црвена полумесечина.** Во перидот од 4-6 јуни 2014 година во Фиренца, Италија се одржа 9-та Европска Конференција на Црвениот крст и Црвена полумесечина. На Конференцијата учествуваа 53 национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина и Меѓународната федерација и Меѓународниот Комитет на Црвен крст. Црвениот крст на Република Македонија беше претставен од страна на претседателот на организацијата д-р Милчо Трајков. Главните теми на Конференција беа волонтерството во Движењето, миграциите, безбедност на храната, работата на националните друштва во кризни состојби, сиромаштијата и последиците од економската криза. За време на Конференцијата, активностите на Црвениот крст на РМ беа презенатирани на две работилници. Претседателот Трајков исто така имаше и воведно излагање на работилницата:"Како партнерствата на Црвениот крст може да помогнат во разрешувањето на проблемите со дрогата".

**Унапредување на билатералната соработка помеѓу Црвен крст на Македонија и Црвен крст на Словенија.** Во периодот од 03-07 септември 2014 година делегација на стручната служба на Црвениот крст на Република Македонија оствари посета на Црвениот крст на Словенија. За време на посетата беше посетена централата на Црвениот крст на Словенија, општинските организации на Црвен крст Ново Место и Црвен крст Копар и Центарот за рекреација и лекување во Дебели Ртич, Анкаран. Беа остварени повеќе работни средби со генералниот секретар г-дин Данијел Старман и стручната служба на Црвен крст на Словенија при што стана збор за унапредување на билатералната соработка на национално и локално ниво во различните програмски дејности на Црвениот крст и имплементација на партнерски проекти преку фондовите на ЕУ.

**Билатерална соработка со Бугарски Црвен крст.** Во периодот 09.09.2014-10.09.2014 претставници на Црвениот крст на Република Македонија го посетија Црвениот крст на Бугарија со цел да се запознаат со состојбата и потребите на погоденото население од поплавите кои ја зафатија Република Бугарија во овој период. Од страна на Црвен крст на Република Македонија беше понудена хуманитарна помош за справување со предизвиците и потребите на населението.

**Средба со преставници на мулти-агенциски тим на Европската Команда на САД.** На 29 октомври беше одржана работна средба на претставници на Црвениот крст на РМ и агенцискиот тим на Европската Команда на САД при што беа дискутирани повеќе прашања поврзани со активностите на Црвениот крст на РМ во сферата на подготвеноста за справување со последиците од катастрофи и соработката со државните агенции на РМ кои делуваат во оваа област.

**Регионален лидерски состанок на Меѓународна Федерација.** Двочлена делегација предводена од генералниот секретар д-р Саит Саити учествуваше



на регионалниот лидерски состанок кој се одржа во Будимпешта Унгарија во перидот од 4-5 ноември 2014 год. На состанокот се дискутираа предлог измени на уставот на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина и имплементација на заклучоците од Европската Конференција - Повикот за Акција од Фиренца. Исто така беше дискутирана нацрт Резолуцијата на Иницијативата за брендирање и прирачникот на Федерацијата за употребата на амблемите и логоата на Црвен крст и Црвена полумесечина во комуникациите, маркетинг и мобилизирање фондови. Една од главните теми беше и подобрување на механизмите за комуникација и соработка во Движењето.

# МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ

## Придонес во поттикнување на општествената одговорност на корпоративниот сектор

**Партнерска соработка.** Една од стратешките цели на Црвениот крст на Република Македонија за мобилизирање на фондови од корпоративниот сектор е воспоставување на партнерска соработка и поддршка на компаниите во Македонија. Црвениот крст на РМ во текот на годината воспостави плодна соработка со големи и значајни компании кои во своето бизнис работење ја практикуваат и општествената одговорност. Овие компании обезбедија значајна поддршка со која Црвениот крст имплементираше бројни проектни активности преку општинските организации на Црвениот крст со кои беа опфатени ранливи целни групи на население.

Црвениот крст на РМ е препознатлив лидер во земјата кој дава голем придонес во поттикнувањето на општествената одговорност на компаниите за нивно вложување во подобрување на квалитетот на живеење на населението во заедниците. Црвениот крст бележи зголемен интерес за реализирање на проектни активности од страна на вработените во компаниите со кои е воспоставена долгорочна соработка. Голем е интересот на компаниите и за волонтирање на нивните вработени во активностите на Црвениот крст. Развивањето на овој вид на соработка е нов предизвик на Црвениот крст во наредниот период. На овој начин долгорочно се зацврстува довербата на компаниите кон Црвениот крст на РМ како вистински партнер за соработка.

Во текот на 2014 година беше остварена соработка со 12 големи компании, како и голем број на средни и мали компании во земјата. Поддршката на големите компании за имплементација на проекти и програмски активности на Црвениот крст на РМ е во вкупна вредност од 6.500.000 денари што претставува значаен придонес во остварување на хуманитарните цели на организацијата.

**Надградба на капацитети.** Во рамките на Проектот „Грижа на стари лица во заедницата“, финансиран од Европска Унија, кој се имплементира преку општинските организации на Црвен крст Прилеп, Гостивар и Кичево во соработка со 11 граѓански здруженија, од 20 до 22 октомври 2014 година Црвениот крст на РМ организираше работилница за мобилизирање на ресурси за социјални програми. Учесниците на работилницата имаа можност да проследат позитивни практики на Австрискиот Црвен крст за мобилизирање на ресурси во Австрија. Со обуката беа опфатени вкупно 28 претставници на Црвениот крст и граѓанските здруженија кои се стекнаа со одредени вештини и знаења за мобилизирање на ресурси од поединци и компании за поддршка на социјални програми наменети за помош и грижа на старите лица.

**Партнерски состаноци.** На 16 мај 2014 година на Скопскиот Саем, се одржа петтиот Партнерски









| *КОМПАНИИ* | *Остварена соработка и поддршка на активности* |
|---|---|
| **ЕВН МАКЕДОНИЈА АД** | Поддршка на Проект грижа за стари лица во домашни услови кој се имплементира преку Црвен крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Велес, Крива Паланка, Кичево и Дебар, со кој се опфатени вкупно 240 стари и изнемоштени лица<br>Имплементирана е заедничка хуманитарна акција „Да споделиме радост" – доделени се новогодишни подароци (ранци и чоколади) за 680 деца со посебни потреби и деца на социјално загрозени семејства во седум општини во земјата. |
| **КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје** | Поддршка на Проектза подобрување на социјализацијата на деца и млади сопосебнипотреби(340 деца) имплементиран преку седумопштински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје |
| **АЛФА БАНКА АД Скопје** | Поддршка на проектни активности за менаџирање на употреблива облека – отворен е Пункт за облека во Скопје. |
| **СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје** | Поддршка во обезбедување на 506 пакети со храна и средства за хигиена за помош на семејства во социјален ризик, дистрибуирани преку седум општински организации на Црвен крст на РМ |
| **АЛИЈАНС УАН МАКЕДОНИЈА, Кавадарци** | Поддршка на Проект Унапредување на положбата на лицата со телесна инвалидност, кој се имплементира преку Општинската организација на Црвен крст Виница |
| **КОМФИ АНГЕЛ, Прилеп** | Обезбедена помош во 10.000 детски јорганчиња донирани во детски градинки и детски оддели во болници во целата земја |
| **КНАУФ** | Обезбедени материјали во акцијата „Разбудетесе хумани – заедно до дома" |
| **СКОПСКИ САЕМ** | Обезбедена просторна поддршка во организирање на настани на Црвениот крст на РМ |
| **МАКПРОГРЕС, Виница** | Организирана кампања за обезбедување на средства преку продажба на производ на Винчини, наменети за имплементација на проектни активности за подобрување на социјализацијата на деца и млади сопосебнипотребиво четири општини |
| **Фондација Т – МОБИЛЕ за Македонија** | Обезбеден бесплатен број за донации |
| **ОНЕ** | Обезбеден бесплатен број за донации |
| **ВИП** | Обезбеден бесплатен број за донации |

состанок во организација на Црвениот крст на Република Македонија. Покровител на настанот беше ЕВН Македонија, компанија со која Црвениот крст остварува долгогодишна партнерска соработка. Целта на партнерскиот состанок беше да се промовираат хуманитарните вредности и капацитети на Црвениот крст на Република Македонија за поттикнување на стратешки партнерства за имплементација на заеднички социјално корисни општествени програми за подобрување на квалитетот на животот на ранливото население. На партнерскиот состанок присуствуваа претставници на меѓународни организации и агенции во земјата, претставници на амбасадите на Австрија, Франција и Словенија во РМ, стопанските комори, како и претставници на корпоративниот сектор во Република Македонија. При тоа беше претставена и публикацијата "Практики и иницијативи за партнерска соработка" која беше издадена со поддршка на ЕВН Македонија, во која се содржани неколку примери на позитивни практики, како и проектни иницијативи за партнерска соработка.

На 26 јуни 2014 година Црвениот крст на РМ во соработка со Американската стопанска комора го организираше 6-от партнерски состанок на кој присуствуваа претставници на компании, членки на комората. На состанокот беа претставени позитивни практики на партнерска соработка од страна на претставници на неколку компании со кои Црвениот крст има воспоставено плодна соработка и поддршка на проектни активности. На состанокот претставниците на компаниите ја нагласија потребата за организирање на обуки за вработените во компаниите на полето на општествена одговорност и волонтирање. Исто така беа дадени предлози за идна партнерска соработка.

**Доделени признанија „Сребрен поддржувач" и „Бронзен поддржувач".** Црвениот крст на Република Македонија на 11 декември 2014 година организираше свеченост на која беа доделени признанијата „Сребрен поддржувач" и „Бронзен поддржувач"во знак на благодарност на партнерите и соработниците за остварената плодна соработка и поддршка. На настанот во име на Министерството за економија на Република Македонија се обрати шефот на кабинетот г-дин Авни Калаба, кој ја потенцираше значајната улога на Црвениот крст во унапредувањето на општествената одговорност кај претпријатијата. Во знак на благодарност за поддршката која ја обезбедуваат нашите партнери за имплементација на општествено социјални проекти и хуманитарни активности, Црвениот крст на РМ ги додели признанијата „Сребрен поддржувач" на компаниите Алфа Банка А.Д Скопје и Комфи Ангел ДОО Прилеп, „Бронзен поддржувач" на Фершпед А.Д Скопје и Македонска пошта, како и благодарница на ЕРА групација Скопски Саем.







# ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

## *Транспарентни и отчетни пред јавноста*

Знаејќи ја потребата од редовно и навремено информирање, ЦКРМ заедно со своите општински организации посебен акцент стави на постојана транспарентност и отчетност пред јавноста и партнерите. Во 2014 година редовното информирањето и комуникации придонесоа за унапредување на системот за комуникација и информирање и воспсотавување поблиска соработка помеѓу ЦКРМ и средствата за јавно информирање. Во склоп на информативниот систем, ЦКРМ исто така обезбедуваше пошироко информирање на јавноста со цел континуирано известување на граѓаните за нашите активности. Надворешната комуникација се остваруваше преку различни соопштенија и информации до електронските и печатените медиуми, преку организирани конференции за печат и издавање на повеќе печатени информативни изданија на националното друштво.

**Интернет страница и социјалните мрежи на ЦКРМ и ООЦК.** Редизајнирањето и надградувањето на интернет страницата на ЦКРМ овозможи простор за објавување на поголем број разновидни информации, чија структура таргетира различни категории на посетители. Ваквото збогатување на интернет страницата со интерактивна содржина придонесе да се привлече вниманието на пошироката јавност. Волонтерите и граѓаните ја посетуваат страницата со цел да дојдат до информации за настани, места за донирање и начин за вклучување во активностите на организацијата.

**Е – весник.** Неделните изданија на електронскиот весник на Црвениот крст, веќе традиционално претставуваат пример на успешна алатка за информирање на нашите волонтери, партнери, соработници и подржувачи за активностите кои ги реализираме на локално, национално и меѓународно ниво. Во 2014 година беа подготвени 66 броеви на е - весникот на ЦКРМ со вкупно објавени 650 текстови. Покрај препраќањето на 70.134 емаил адреси, истиот е редовно ажуриран и објавуван на интернет страната со што целата јавност во Република Македонија има можност поблиску да се запознае со нашите активности.

**Публикации.** Традиционалните недели дефинирани во законот за Црвениот крст, како и голем број на проектни активности и стратешки документи во рамките на издавачката дејност на Националното друштво и оваа година редовно беа надополнувани со креативни и едукативни материјали во вид на брошури, флаери, постери, прирачници, доплатни марки и друг вид на изданија. Имајќи ги во себе хуманитарните пораки или насоките за дејствување, се постигнаа значителни резултати кај целните групи, а воедно и позитивно се влијаеше на подигањето на имиџот на националното друштво. Со цел сите публикации да бидат поблиски до лицата за кои се наменети, и оваа година ЦКРМ сите свои изданија ги објави на македонски и на албански јазик, а дел од нив беа преведени и на англиски јазик.

# ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ И КРИЗНИ СОСТОЈБИ

**Обезбедување на верска манифестација Богојавление Водици.** Црвениот крст на град Скопје учествуваше во обезбедувањето на големата верска манифестација Водици која секоја година се одржува на 19ти јануари по повод православниот празник Богојавление Водици. Учеството со спасителите на вода и екипи за прва медицинска помош оваа година се зголеми со дополнително учество на логистичкиот тим кој постави шатор-прифатен центар и мобилна кујна во која се подготвуваше чај кој се делеше на учесниците на манифестација и на луѓето кои ја следеа манифестацијата. При тоа беше дистрибуиран флаерот "Заштитете се себеси при ладно време".

**Национален форум за адаптација на климатски промени.** Координирана е работата на Националниот форум за адаптација на климатски промени по пат на подготовка на студија на случај и подготовка на регионален извештај за Форум на Југо-Источна Европа за адаптација кон климатските промени. Подготвени и дистрибуирани се едукативни брошури за климатскиот систем, клима и климатски промени. Дистрибуирани се едукативни брошури за заштита и самозаштита како и препораки за однесување за време на студените бранови.

**Обезбедување во зимски услови.** Во соработка со повеќе планинарски друштва организирано е одбележувањето на Меѓународниот ден на безбедност на планина – 15 јануари со традиционални маршеви на патеката кон манастирот Св. Ѓорги во Валандово и манастирот Трескавец во Прилеп.

**Едукација на вработени од Цементарница Усје.** Во месец февруари, на барање на Цементарница Усје, Скопје се одржа работилница за заштита и самозаштита од катастрофи за вработените во истоимената компанија. Предавањето беше адаптирано согласно потребите на компанијата и на него учествуваа 40 лица. Учесниците се запознаа со катастрофите и мерките кои треба да ги преземаат пред, за време и по случувањето на катастрофата.

**Час на планета Земја.** Во месец март на полето на климатски промени, Црвениот крст на Република Македонија преку своите општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје активно се вклучи во светската акција "Часот на планетата земја", со исклучување на светлата во времетраење од еден час за симболично укажување на потребата за заштита на животната средина. Волонтерите од клубовите на млади организираа активности со кои се вклучија во оваа иницијатива во соработка со локалните самоуправи.

**Информативен систем за шумски пожари.** Претставници на Црвен крст на Македонија, зедоа учество на презентирањето на "Македонскиот информативен систем за шумски пожари –верзија 2" и негово промовирање, како алатка во рамките на националниот систем за превенција и справување со ризикот од шумски пожари во Република Македонија. Промотивниот настан се одржа на 16.04.2014 година во Скопје, во организација на Центарот за управување со кризи.

**Обука за вработени во Црвен крст.** Во периодот од 26/27/.04.2014 во Струга, се одржа обука за заштита и самозаштита на 20 вработените од ЦКРМ, со што се имплементира законската регулатива за безбедност и здравје при работа.










# Поддршка за поплавено население во Србија и Босна и Херцеговина

Во месец Мај Република Србија и Босна и Херцеговина беа зафатени од елементарна непогода која доведе до излевање на реките од речните корита, оштетувања на брани и предизвикаа бројни последици на инфраструктурата, земјоделските посеви и домовите на жителите во неколку региони во Србија и Босна и Херцеговина. Црвениот крст на Република Македонија веднаш по појавата на природната катастрофа стапи во контакт со Црвен крст на Србија и Црвен крст на Босна и Херцеговина и амбасадите на Република Србија и Република Босна и Херцеговина во Република Македонија и согласно материјално човечките ресурси понуди помош во тимови и опрема за спасување (гумени чамци, спасители на вода, тим за проценка за хуманитарните потреби на населението и тим со мобилна станица за прочистување на вода).

Црвениот крст на Република Македонија упати апел до граѓаните на Република Македонија, корпоративниот сектор, институциите, граѓанските здруженија и медиумите за организирање на хуманитарни акции за собирање на помош за настраданото население од Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска.

Црвениот крст на Република Македонија со своите вработени и волонтери како и со поддршка на граѓаните на Република Македонија во целиот период успешно се справуваше со предизвикот да ја собира, пакува и испраќа хуманитарната помош за настраданото население во Србија и Босна и Херцеговина. Помошта се состоеше од храна,

средства за хигиена, вода, сок, бебешки пелени, постелнина, ќебиња, душеци, облека, обувки, гумени чизми, лопати, детски креветчиња, пумпи за вода и друго, која е обезбедена од индивидуални донации на граѓаните на Република Македонија, донации од фирми и компании и резервите на Црвениот крст на Република Македонија. Логистичка поддршка за транспорт на хуманитарната помош обезбеди Владата на Република Македонија преку транспортните компании во Република Македонија.

Црвениот крст на Република Македонија преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвениот крст ја спроведе хуманитарната операција за обезбедување помош за настраданото население со 1190 волонтери кои беа задолжени да ја собираат и пакуваат хуманитарната помош во Република Македонија. Во периодот од 18 до 31 Мај 2014 година во магацините на Црвен крст на РМ во Скопје, ангажирани беа вкупно 690 волонтери кои дадоа придонес со 7600 волонтерски часови за собирање, пакување, истовар, утовар на хуманитарна помош и други активности. Исто така во истиот период ангажирани беа и околу 500 волонтери во Општинските организации на Црвен крст РМ со ангажман од 5.500 часови, или севкупно во активностите учествуваа: 1.190 волонтери со 13,100 волонтерски часови, кои придонесоа за успешна реализација на хуманитарните активности.

За настраданото население од поплавите во Србија вкупно се испратени 27 камиони со 560.560 кг хуманитарна помош во вредност од 9.969.363 денари/162.198 евра. За настраданото население од поплавите во Босна и Херцеговина се испратени 23 камиони со 421.916 кг хуманитарна помош во вредност од 12.442.194 денари/ 202.382 евра. На сметката на Црвениот крст на Босна и Херцеговина за поддршка на настраданото население од поплавите беа префрлени 157.650 евра. На сметката на Црвен крст на Србија за поддршка на настраданото население од поплавите беа префрлени 164.188 евра. Во овој период од поплави беа зафатени делови во Република Хрватска, а во духот на хуманоста и солидарноста граѓаните на Република Македонија донираа финансиски средства. На сметката на Црвен крст на Хрватска за поддршка на настраданото население во поплавите од месец мај 2014 година, префрлени се 3.593 евра.

На 05 јуни 2014 година Црвениот крст на Република Македонија организираше состанок со амбасадорите на Република Србија и Република Босна и Херцеговина, претставници од компании, граѓани и институции кои донирале и организирале активности за обезбедување на хуманитарна помош и поддршка за настраданото население од поплавените подрачја, со цел да се направи увид во документација и да се презентираат постигнатите резултати. По состанокот се одржа и прес конференција за соопштување на севкупните резултатите до целокупната јавност во РМ.









**Обезбедување на традуционален марш на планинари.** На 11.07.2014 година во рамките на традиционалната Меѓународна трансверзала "Поход на Осоговските планини", под организација на ЗПСК-Руен над 200 планинари од земјава и од странство, меѓу кои и Клубот на млади на Црвен крст Крива Паланка со 30 волонтери се искачија на РУЕН 2285м. Тимот за одговор при катастрофи на ООЦК Крива Паланка, учествуваше како логистичка поддршка на настаноти обезбедување на учесниците.

**Безбедност на вода во летниот период.** Со почеток на летната сезона Центрите за безбедност на вода на Црвен крст на град Скопје и ООЦК Охрид, на водените површини на територија Скопје и Охрид, со цел грижа за безбедноста на граѓаните, ангажираа спасители на вода и тоа: Скопје – 40 спасители на вода на затворени води, 2 медицински лица, Охрид крајбрежје 44 спасители и Струшко крајбрежје 6 спасители вода.

**Вежба СЕЕСИМ.** Во периодот од 23-26.09.2014 во Центарот за управување со кризи со одржа вежбовна активност СЕЕСИМ -2014, Симулациска вежба за Југоисточна Европа, на која носител беше Министерството за одбрана на Република Македонија. Вежбата СЕЕСИМ-14 е дел од процесот за одбранбена соработка во Југоисточна Европа – СЕДМ. На вежбата учествуваа субјектите кои се дел од системот за управување со кризи и заштита и спасување. Црвен крст на Република Македонија, учествуваше со двајца претставници.Цел на вежбата беше да се промовираат националните и регионалните подготовки, како и соработка помеѓу цивилните и воените власти при планирањето на институционалниот одговор на катастрофи и напади од големи размери.

**Билатерална соработка со Бугарски Црвен крст.** Во периодот од 24-28.09.2014 Бугарски Црвен крст организираше регионална координациска вежба Ќустендил 2014 година за одговор при катастрофи (поплави) на која учествуваше 4 член тим од Црвениот крст на Македонија.

Како финален дел од проектот, „Зголемување на капацитетите на Црвен крст на Република Македонија во организација на работата во областа на безбедност на вода, обезбедување на водните површини и подобрување на нормативните акти во Република Македонија", кој финансиски е подржан од Министерството за надворешни работи на Република Бугарија, Црвениот крст на Република Македонија на 25.11.2014 година во просториите на Скопски саем-сала дипломатик организираше Панел – дискусија за безбедноста и спасувањето на вода во Република Македонија.

**Намалување на ризици од катастрофи.** Во месец декември во рамките на проектот за Активности за намалување на ризици од катастрофи кој е финансиски подржан од Турска Црвена полумесечина, ООЦК Радовиш и ООЦК Гостивар започнаа со имплементацијата на активностите за процена на ризици и катастрофи на училиштата во кои се спроведува проектот (по 3 училишта Радовиш 3 Маврово/Ростуша), како активности со претставниците на подрачните единици на ЦУК-ДЗС-ЕЛС за собирање на постоечката документација за процена на ризици од катастрофи и несреќи во наведените региони.

**Иницијативата за превенција и подготвеност за катастрофи на Југоисточна Европа.** Во рамките на тренинг програмата на Иницијативата за превенција и подготвеност за катастрофи на Југоисточна Европа (ДППИ СЕЕ) за 2014 година во организација на Дирекцијата за заштита и спасување, од 8 до 12 декември се одржа меѓународен курс на тема „Вода, санитација и хигиена при катастрофи во урбан контекст". На обуката, покрај Црвениот крст на Македонија, учествуваа и претставници од Дирекцијата за заштита и спасување, Институтот за јавно здравје на Република Македонија, како и преттавници од Албанија, Бугарија, Србија, Словенија, Хрватска, Црна Гора и Турција. Интересно е да се напомене дека во делегациите во скоро од секоја од државите имаше претставник од тамошното национално друштво, што е дополнителен показател на улогата на Црвениот крст во секоја од државите. Целта на тренингот беше јакнење на институционалните капацитети за менаџирање со водата, санитација и хигиена во услови на катастрофи случени во урбани средини.

# СЛУЖБА БАРАЊЕ



Секојдневно илјадници семејства се раздвоени како резултат на воени конфликти, природни катастрофи или миграции. Човечките страдања се огромни кога ќе се прекинат контактите со најблиските сакани личности и кога нема никакви информации за нивната судбина. Меѓународниот Комитет на Црвен крст и националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, работат заедно секаде во светот да ги лоцираат ваквите случаи и да им помогнат на семејствата повторно да воспостават контакти.

Црвениот крст на Република Македонија обрнува големо внимание на предизвиците со кои се соочува Службата за барање во националното друштво и дава придонес во нејзиниот постојан развој.

Црвениот крст на Република Македонија и оваа година беше поканет и учествуваше со свој претставник, на **годишниот состанок за воспоставување на семејни врски** на кој учествуваат националните друштва чии држави се членки на ЕУ, Американски Црвен крст, Канадски Црвен крст, Австралиски Црвен крст и Турската Црвена полумесечина, а веќе две години по ред и националните друштва од Балканскиот полустров. Состанокот се одржа од 07 до 11.10.2014 година во Софија, Бугарија, а главната тема на состанокот беа миграциите и предизвиците со кои се соочуваат Службите за барање во националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина на овој план.

Во контекст на Европскиот феномен на миграциите, кој се повеќе и повеќе добива на значење, а кој ја засега и нашата држава, Црвениот крст на Република Македонија на 25.11.2014 година, организираше **Тркалезна маса на тема “Миграциите нов предизвик на Службата за барање на исчезнати лица и воспоставување на семејни врски на Црвениот крст на Република Македонија”**, со цел подобро да ги претстави активностите на Службата за барање на Црвениот крст на Република Македонија.

Тркалезната маса беше иницирана заради заедничкиот интерес за позитивно решавање на проблемот со миграциите во Република Македонија. На настанот се разговараше за феноменот на миграциите и можностите за заедничко делување на овој план во Република Македонија. На средбата учествуваа претставници на Министерството за внатрешни работи, Центарот за азиланти, Транзитниот центар за мигранти, УНХЦР и невладини организации, со кои во моментов се обидуваме партнерски да одговориме на предизвикот со зголемениот број на мигранти во нашата држава. На состанокот присуствуваа и претставници на Регионалната канцеларија на Меѓународниот Комитет на Црвен крст во Белград, Црвен крст на Србија и Црвениот крст на Бугарија, со кои се разменија искуства на овој план, со оглед на сличната ситуација со мигрантите во нивните држави.

Според статистичките податоци на Службата за барање на Црвениот крст на РМ, во текот на изминатата година започнати се 2 случаи на исчезнати лица, кои се однесуваат на лица исчезнати како резултат на економски миграции на македонски државјани надвор од нашата држава и 3 случај на мигранти од Сирија и Авганистан во Република Македонија, при што Службата за барање на Црвениот крст на РМ во соработка со Регионалната канцеларија на Меѓународниот Комитет на Црвен крст ги реализираа сите потребни активности за воспоставување на семејните врски на лицата кои беа вклучени во постапката на барање.

# ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ

**Црвениот крст на Република Македонија согласно Стратешкиот план за здравствено превентивна дејност 2011-2015 година во изминатава година имплементираше теренски активности со цел да ја подобри здравствената состојба на најранливите групи односно за превенција на ХИВ трансмисија помеѓу најризичните групи на население, подобрување на контролата на туберкулоза на локално ниво, здравствената грижа на стари и изнемоштени лица, како и намалување на влијанието и здравствените последици од климатските промени врз здравјето на човекот.**

**Намалување на штети од употреба на дрога** е проект наменет за лицата – корисници на дрога и се одвива на територијата на три општински организации на ЦК Кичево, Велес и Прилеп. Центрите отворени во Општинските организации имаат за цел да нудат медицински, социјални и правни услуги на корисниците како и да ги снабдуваат истите со кондоми и стерилен прибор за инјектирање, едукативно информативен материјал.

Целта на проектот е намалување на штетите од употребата на дрога, во насока на подобрување на здравствениот, социјалниот и економскиот статус на корисниците. Корисниците на дроги имаат можност да добијат стерилна опрема за инјектирање како и советување околу можните штети предизвикани од употреба на нестерилен прибор како што се ХИВ/СИДА и хепатит Б и Ц.

Во соработка со Институтот за јавно здравје и НВО ХЕРА се одвиваше и теренското доверливо советување и тестирање во Прилеп и Велес.Преку реализацијата на креативните работилници кои имаат за цел ресоцијализација на клиентите истите имаа можност да го изразат својот талент преку цртање, изработка на накит и различни предмети од глина, хартија итн.

Со проектот во текот на 2014 година беа опфатени 541 лица од корисничката популација. За потребите на корисниците се поделени:45 388 игли, 24 920 шприцеви, 13 519 кондоми.

**Изработка на стратешки и оперативни планови на локалната самоуправа.** Во текот на 2014 година проектот се имплементираше во општинската организација на ЦК Валандово. Целта на проектот беше креирање на локален стратешки оперативен план за контрола на туберкулозата на локално ниво, со што ќе се придонесе за подобрување во националните напори за контрола на туберкулозата. Проектот се реализираше со користење на методологијата на Заеднички развој на заедниците на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина чија цел е да се утврдат проблемите и приоритетите во заедниците во однос на туберкулозата и потребните активности кои треба да влезат во рамки на оперативниот план.

**Спроведување на едукации за туберкулоза за различни целни групи.** Со цел подигнување на јавната свест кај населението за превенција од туберкулозата како заразна болест, можните начини на пренос и заштита, можностите за лекување итн. Црвениот крст на Р. Македонија



во текот на 2014 година реализираше едукации за различни целни групи пред се за оние кои се ризични за стекнување со ова заболување.

Проектот се реализираше во неколку општински организации на Црвен крст и тоа во Струга, Крива Паланка, Кавадарци итн. Преку овие едукации за подигнување на свеста и превенција на туберкулоза опфатени беа вкупно 5.026 претставници од етничките малцинства и целните групи и реализирана е обука за 10 едукатори за туберкулоза.

**Учество во работата на Националниот координативен механизам на РМ за борба против ХИВ/СИДА и туберкулоза** Црвен крст на РМ како и во изминатиот период, така и во иднина ќе даде свој допринос и ќе се залага за подобро функционирање на ова тело и надзор над програмите финансирани од страна на Глобалниот Фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија во Р.Македонија.

Црвениот крст на Р.Македонија активно учествува и во работата на **Националниот комитет за климатски промени и Комисијата за климатски промени и здравје** при Министерството за здравство и во заедничките интерсекторски напори за заштита на населението во услови на екстремни надворешни температури, како и во активностите со цел адаптација и митигација кон климатските промени.

**Климатски промени-заштита на здравјето од климатските промени (топлотни, студени бранови).** Активностите согласно акциониот план за топло време отпочнаа со подготовка и дистрибуција на едукативно информативен материјал за различни целни групи за заштита од топлотните бранови/студени бранови преку општинските организации на Црвен крст на територијата на целата држава и центрите за јавно здравје, како и Институтот за медицина на труд. Во периодот на летните месеци активна беше и СОС линијата за топлотни бранови во рамки на ЦК на Град Скопје, за давање на бесплатни совети за заштита на здравјето од топлотни бранови. Во неколку наврати во текот на летните месеци ЦКРМ преку општинските организации презеде активности за обезбедување флаширана вода која им се нудеше на граѓаните во текот на топлотните бранови како и флаери со совети за заштита на своето здравје, мерење на крвен притисок и обезбедување на прва помош при евентуална потреба од истата.

**Симулациска вежба за тестирање на меѓународен здравствен правилник.** На 18 Ноември на аеродромот „Александар Велики" се одржа симулациска вежба на сомнителен случај со ебола со учество на претставници на Министерството за здравство и други надлежни институции, како и Црвениот крст на Р.Македонија. Целта на вежбата беше тестирање на стандардните оперативни протоколи во однос на постапување, комуникација и координација на здравствениот систем во Р. Македонија при можна појава на јавно здравствена опасност од меѓународен карактер (во случајов Ебола) на влезна точка Аеродром. Вежбата беше реализирана во рамките на Меѓународната конференција на министрите за здравство на земјите од Југоисточна Европа. Црвениот крст на Р.Македонија како и досега зема активно учество и придонес во подготовката, организацијата на вежбата со стручна и логистичка подршка, како и во самата реализација на замисленото сценарио за вежбата со свои волонтери во улога на патници во авионот и сомнителни случаи на заболени од ебола.

# ПРВА ПОМОШ

**Црвениот крст на Република Македонија преку општинските организации на Црвен крст и Црвениот крст на град Скопје во текот на 2014 година одржаа вкупно 1.104 курсеви по прва помош за обука на кандидати за возачи на кои беа обучени 13.995 лица, како и 187 курсеви по прва помош за обука на вработени лица во работни организации на кои беа обучени 1.196 лица.**

**Курс за обука на предавачи и демонстратори по прва помош за кандидати за возачи.** Согласно Правилникот за содржините на програмата за оспособување на предавачи за изведување на наставна програма за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода, за потребите на ООЦК на 25 и 26-ти јануари 2014 година Црвениот крст на Република Македонија одржа курс за обука на предавачи и демонстратори по прва помош за кандидати за возачи. На курсот учествуваа 17 кандидати од кои 12 беа предавачи и 5 демонстратори од ООЦК.

**Учество на симулациона вежба по прва помош.** На 22 мај 2014 година во Скопје се одржа симулациона вежба „Сообраќајна несреќа со поголем број повредени и со изгореници" во организација на Министерството за здравство на РМ и СЗО регионална канцеларија Скопје. Целта на вежбата беше да се подигне степенот на подготовка при кризни состојби, во рамките на приоритетот за Здравствена безбедност, одговор и подготовка при кризни состојби.. Црвениот крст на Република Македонија на оваа вежба учествуваше со 20 волонтери (манекени и шминкери кои реалистично ги прикажаа повредите.



**Семинар за обука на шминкери за реалистично прикажување на рани и повреди.** Семинарот за шминкери се одржа во периодот од 16 до 20 јуни 2014 година во Струга, на кој учествуваа 13 волонтери и 4 предавачи/инструктори. На семинарот за едукација на шминкери беа обработени теми од првата помош, запознавање со материјалот и подготовка за изработка на шминки и изведба на практични вежби. Преку увежбување и практични вежби учесниците работеа на сценарио за реалистично прикажување на рани и повреди. При проверка на нивното знаење, учесниците покажаа солидно знаење и сите го положија испитот со што се стекнаа со звањето шминкери за реалистично прикажување на рани и повреди.

**XXIII – ти Државен натпревар на екипите по прва помош.** Во организација на Црвениот крст на Република Македонија на 19/20 септември 2014 година во Куманово се одржа XXIII-от Државен натпревар на екипите по прва помош, под мотото "Првата помош во секојдневните несреќи и катастрофи".На натпреварот зедоа учество 26 екипи по прва помош, од кои 25 од Општинските организации на Црвен крст и 1 ревијална екипа на Градската организација на Црвен крст Ниш – Р. Србија.

Првото место на натпреварот го освои екипата по прва помош на ООЦК Центар, второто место го освои екипата по прва помош на ООЦК Кисела Вода а третото место и припадна на екипата по прва помош на ООЦК Велес. На базата за дисиминација најдобри беа екипите на ООЦК Кочани, Пробиштип и Куманово кои покажаа најдобро познавање за Движењето, визијата и мисијата на Црвениот крст. Државниот натпревар по прва помош го посети и градоначалникот на Општина Куманово г-дин д-р Зоран Дамјановски.

**Состанок на членките на мрежата за прва помош во Европа.** Во организација на Црвениот крст на Франција во периодот од 09-11-ти октомври 2014 година се одржа состанок на членките на мрежата за прва помош од 38 национални друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина во Европа, како и претставници од Американскиот Црвен крст. Главната цел на состанокот беше зајакнување на програмите за прва помош преку мрежното поврзување и соработка на Националните друштва. Црвениот крст на РМ како членка на оваа мрежа активно учествуваше на состанокот и имаше можност да ги пренесе искуствата од процесот за стекнување со Европски сертификат за прва помош за кандидати за возачи и преку својот пример да им помогне на останатите национални друштва да се здобијат со овој сертификат.

# КРВОДАРИТЕЛСТВО

**Црвениот крст на Република Македонија и Институтот за трансфузиона медицина во 2014 година од планираните 55.000 единици крв реализираа 55.513 единица крв или планските обврски ги исполнија со 100.93 %.**

Во градот Скопје, општинските организации на Црвен крст Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир во 2014 година реализираа 15.037 единици крв или планските обврски ги исполнија со 96.19 %. Во општинските организации на Црвен крст од внатрешноста, во 2014 година беа реализирани 38.342 единици крв. Во Градската општа болница “8-ми Септември” во Скопје, во службата за трансфузиона медицина се реализирани 2.041 единици. Во Дневниот центар за дарување на крв во ДХО “Даре Џамбаз” во Скопје се реализирани вкупно 2201 единица крв од кои 1665 со самоиницијативното дарување на крв од граѓаните на Скопје, а преку организирани крводарителски акции беа собрани 536 единици крв од кои165 единици крв од првократни дарители.

Планските обврски за крводарителство во 2014 година ги исполнија 16-ет општински организации на Црвен крст и тоа : Битола 112.23 %, Валандово 109.65 %, Велес 226.65 %, Виница 315.03 %, Делчево 125.89 %, Кавадарци 166.27 %, Кратово 130.52 %, Крива Паланка 145.85 %, Крушево 112.14 %, Прилеп 100.40 %, Пробиштип 136.93 %, Свети Николе 180.86 %, Струга 101.92%, Штип 191.21 %, Гази Баба 125.04 % и Центар 181.64 %.

Тимот за координација, во текот на 2014 година одржаа 94 координативни состаноци на кои беа договорени и реализирани 857крводарителски акции на терен

**Потпишани меморандуми за соработка со државни институции.** Во месец март 2014 година беа потпишани Меморандум за соработка во дејноста крводарителство помеѓу Министерството за одбрана, Црвениот крст на Република Македонија и Институтот за трансфузиона медицина, како и Меморандум за соработка со Институтот за трансфузиона медицина и Кодекс на однесување на професионално вработените лица во Црвениот крст на Република Македонија и Институтот за трансфузиона медицина вклучени во процесот на реализација на крводарителски акции.

**Одбележани 17 март Денот на крводарителството во РМ и 14 јуни Светскиот ден на крводарителството.** На 17 март 2014 година беше одржана 5-та седница на Собранието на Црвениот крст на Р.М. Пред присутните делегати и гости со кратки говори се обратија претседателот на Црвениот крст на Р.М. д-р Милчо Трајков, генералниот директор и претседател на У.О. на АД Алкалоид г-дин Живко Мукаетови преставникот од ЕВН Македонија г-дин Игор Гиевски. Наградите за трите најуспешни ООЦК Виница, Штип и Центар ги додели г-дин Живко Мукаетов, а плакетите за исполнет план во 2013 година на 18 ООЦК ги додели г-дин Игор Гиевски.

**14 јуни – Светскиот ден на крводарителството** се одбележа под мотото “Дарувајте крв за оние коишто даваат живот”, под покровителство на претседателот на Република Македонија д-р Ѓорѓе Иванов. Тој го посети Дневниот центар за дарување на крв во ДХО “Даре Џамбаз” и даруваше крв. На настанот присуствуваа претставници на Црвениот крст на РМ, Институтот за трансфузиона медицина, од канцеларијата на СЗО, Агенција за млади и спорт, членовите на Клуб 25, крводарители, истакнати спортисти, познати имиња од Македонската естрада, новинари и др.

**Одржани едукативни семинари за доброволно крводарителство.** Во периодот од 09-11 мај 2014 година во организација на Црвениот крст на Република Македонија и Институтот за трансфузиона медицина во Струга беше одржана работилница за едукација на нови мотиватори во крводарителство. На оваа работилница беа едуцирани 18 нови мотиватори за доброволно крводарителство.Во периодот од 29-31 август во Струга се одржа семинар за едукација на млади мотиватори во крводарителство. На семинарот учествуваа 30 учесници - млади мотиватори од ГОЦК Скопје (членови на Клуб 25), ООЦК Охрид, Струга, Гостивар, Куманово, Велес, Струмица и Битола, претставници на Црвен крст Ниш и Црвен крст Нови Сад од Република Србија и претставник од Црвен Крст на Словенија. Посебна придобивка на семинарот беше можноста за размена на искуства и можности за идна заедничка соработка на полето на доброволното крводарителство.

**Учество на меѓународни семинари за доброволно крводарителство.** Од 26-29 септември се одржа Регионален семинар за крводарителство во Скадар Република Албанија под мотото “Заедно за доброволно крводарителство”. Учесници на овој меѓународен семинар беа претставници на Црвениот крст на Албанија, Италија, Македонија и Косово. Преку презентации беа претставени активностите во дејноста крводарителство и на Клубовите 25. Беа одржани две работилници за младите на теми “Партнерство помеѓу младите за успешна промоција на доброволното крводарителство” и “Зголемен број на млади крводарители”. Беа разменети позитивни искуства и донесени одредени заклучоци за понатамошна

соработка на регионално ниво за развој на доброволно крводарителство и на клуб 25.

**Меѓународно советување за доброволно крводарителство.** Во организација на Градската организација на Црвен крст на Нови Сад и Заводот за трансфузија на крв на Војводина во периодот од 10-12 октомври 2014 година се одржа Меѓународно советување за доброволно крводарителство на кое присуствуваше претставник на Црвениот крст на Македонија кој го презентираше моделот на заедничко планирање и организација на крводарителството во Република Македонија помеѓу Црвениот крст и Службата за трансфузиона медицина како и искуствата од работата на Дневниот центар за дарување на крв.



# СОЦИЈАЛНО-ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ



## Активности за поддршка и грижа на старите лица

Црвениот крст на РМ како член на Националното координативно тело за следење и евалуација на имплементацијата на Националната Стратегија за стари лица, активно се вклучува и дава придонес во севкупните напори кои ги преземаат надлежните институции во остварување на правата, неопходната грижа и заштита на старите лица во Македонија. Црвениот крст на РМ и во текот на 2014 година продолжи со имплементација на проектот „Грижа за стари лица во домашни услови". Целта на проектот е придонес во подобрувањето на условите за живот на ранливите стари лица и зајакнување на здравствениот и социјалниот систем на старите лица во Република Македонија. Проектот се имплементира во седум општини и тоа во Скопје, Крива Паланка, Велес, Дебар, Кичево, Прилеп и Гостивар. Со проектните активности преку кои се обезбедуваат социјални и медицински услуги, опфатени се вкупно 480 стари лица постари од 65 години, кои живеат сами и се изнемоштени. Тие секоја недела се посетени од страна на медицинска сестра и волонтер кои се обучени за работа со стари лица. Медицинската сестра ги испорачува следните услуги: здравствени совети, совети за исхрана, мерење на шеќер во крвта и притисок, а волонтерот им помага во обезбедување на намирници, лекови, врши административни работи за старото лице, разговори со старите лица, и друго.

Во проектните активности ангажирани се вкупно 140 волонтери и 16 медицински сестри. Во тимовите од волонтери на Црвениот крст, покрај млади волонтери, вклучени се и пензионери кои се витални и имаат желба да го поминуваат своето време во волонтерски хуманитарни активности. Проектните активности се поддржани од страна на ЕВН Македонија, Австрискиот Црвен крст и компанијата UNIQA од Австрија. Активностите во рамките на Проектот „Грижа на старите лица во заедницата" кои се имплементираат преку општинските организации на Црвен крст Прилеп, Гостивар и Кичево во соработка со единаесет граѓански здруженија, се финансирани од Европска Унија.

Партнер на овој проект е Австрискиот Црвен крст. Во рамки на проектот беа организирани обуки на вкупно 60 волонтери и 6 медицински сестри кои испорачуваат социјални и медицински услуги на вкупно 180 стари лица. Во месец септември 2014 година беа одржани две работилници за квалитетно менаџирање на програмите за грижа на старите лица, која беше поддржана од страна едукатор претставник на Австрискиот Црвен крст, како и информативна работилница со цел да се подобри информираноста на локалните тимови ангажирани во проектот за активното стареење и социјалната вклученост, кои ќе имаат можност да развијат концепт за натамошно креирање на иницијативи за активно вклучување на старите лица во програмите. Проектините активности се предвидени да се имплементираат завршно со јуни 2015 година.

## Дневен центар за стари лица и центар за давање помош на стари лица во домашни услови

Дневниот центар за стари лица и центар за давање помош на стари лица во домашни услови кој функционира преку Црвениот крст на град Скопје и во текот на 2014 година континуирано обезбедуваше поддршка и грижа на старите лица. Проектните активности се поддржани од Градот Скопје. Со проектот се опфатени 120 стари лица кои редовно се посетуваат од страна на волонтери и медицински сестри. Дневниот центар го посетуваат над 60 стари лица и активно се вклучени во активностите кои се организираат секој месец. Целта на центарот е унапредување на квалитетот на животот на старите лица, преку кој се имплементираат едукативни, креативни, рекреативни активности, бесплатни здравствени прегледи, како и многу други активности.

Во месец февруари со поддршка на Општина Гази Баба отворен е уште еден центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови. Активностите се имплементираат преку Општинската организација на Црвен крст Гази Баба со кој се опфатени вкупно 90 стари лица. Преку центарот се организираат активности посветени за поддршка и грижа на старите лица од општината, посети на стари лица во домашни услови, како и едукативни, креативни и рекреативни активности.

## Клуб на пензионери

Клубот „Достоинствен живот" при Општинската организација на Црвен крст Крива Паланка, во кој активно членуваат 40 лица и во текот на 2014 година реализираше активности насочени кон вклучување на старите лица во општествените активности на заедницата и исполнето секојдневие. Основната цел е подобрување на квалитетот на живот на старите лица, преку подобрување на нивната психо-социјална состојба, едукативни и креативни работилници, стекнување со нови вештини и комуникации, грижа за нивното здравје, како и хуманитарна помош.

Клубот на пензионери „Анри Динан" преку општинската организација на Црвен крст на Неготино со кој се опфатени вкупно 30 лица продолжи активно да функционира и во текот 2014 година. Исто така и преку овој клуб беа организирани едукативни и креативни работилници, рекреативни активности и др.

## Меѓународен ден на старите лица

Црвениот крст на РМ со пригодни активности го одбележа 1 октомври Меѓународниот ден на старите лица. Преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвениот крст беа организирани едукативни работилници, натпревар по прва помош, креативни рботилници со старите лица, посети на стари, осамени и изнемоштени лица во нивни домови со вклученост на млади волонтери на ЦК и ангажирање на здравствени работници, бесплатни прегледи за мерење на шеќер во крвта и крвен притисок и др.

## Недела на грижа за старите лица

Од 17 до 23 ноември 2014 година под мотото: „Информирајте се за Вашите права од социјална и здравствена заштита", Црвениот крст на РМ ја одбележува традиционалната „Недела на грижа за старите лица" со цел да се подигне јавната свест за правата на старите лица, како и да се обезбеди поддршка и грижа на старите лица. Во рамките на Проектот „Грижа на стари лица во заедницата", финансиран од Европска Унија, обезбедена беше поддршка за одбележување на Неделата, за што беа подготвени промотивни материјали флаери и постери со пригодна содржина за информирање на старите лица за нивните права од социјална и здравствена заштита. Во рамките на оваа недела преку општинските организации на Црвениот крст и Црвениот крст на град Скопје се организираа многубројни хуманитарни активности за поддршка и грижа на старите лица, како и едукативни, креативни и рекреативни активности. Со овие активности беа опфатени над 6000 стари лица. Активностите на локално ниво се имплементираа во соработка со општинските здруженија на пензионери со кои Црвениот крст на РМ континуирано остварува добра соработка, како и со центрите за социјална работа и граѓанските здруженија со кои општинските организации на Црвениот крст остваруваат партнерска соработка.

## Подобрување на социјализацијата на деца и млади со посебни потреби

Црвениот крст на Република Македонија во соработка со Заводот за социјални дејности шеста година во континуитет имплементира заеднички иницијативи за подобрување на социјализацијата на децата и младите со посебни потреби. Црвениот крст на РМ четврта година обезбедува подддршка од Комерцијална банка АД Скопје на проектот „Подобрување на социјализација на деца и млади со посебни потреби" кој се имплементира преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвениот крст Прилеп, Кавадарци, Велес, Гостивар, Кичево, Делчево и Дебар во

соработка со дневните центри за деца со посебни потреби и центрите за социјална работа, како и претставници на филијалите на Комерцијална банка. Со проектните активности се опфатени над 320 деца со посебни потреби. Во текот на годината покрај активностите со децата во дневните центри, имплементирани беа и активности за поддршка на децата во згрижувачки семејства во Скопје, Велес и Прилеп со кои беа опфатени вкупно 40 деца. Во активностите беа вклучени 19 волонтери кои добија основни знаења и вештини за поддршка на децата од згрижувачки семејства во трите општини. Со поддршка на Заводот за социјални дејности беше подготвен материјал за работа со децата „Мојата приказна".

Следните и многу други активности беа дел од спроведените заеднички иницијативи во општините: посета на домовите на згрижувачките семејства од страна на мобилни тимови составени од волонтери на Црвениот крст, креативни работилници, хуманитарни продажни изложби, организирање на рекреативни активности, едукации за децата, родителите и згрижувачите на децата, психолошка поддршка за деца и родители и многу други активности. На 16.12.2014 година се одржа работилница за евалуација на проектните активности во присуство на претставници на општинските организации на Црвениот крст и дневните центри, на која претставникот на Комерцијална банка искажа задоволство од досегашните имплементирани активности и постигнати ефекти.

## Борба против трговија со луѓе

Активностите на Црвен крст на Република Македонија за превенција од трговија со луѓе во 2014 година се имплементираа преку 16 општински организации на Црвен крст и Црвениот крст на град Скопје. Црвениот крст на РМ со поддршка на Германското друштво за меѓународна поддршка на социјални програми (GIZ) и Министерство за труд и социјална политика на 9 април 2014 година одржа едукативна работилница за обука на 19 волонтери од 6 општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје за примена на нов метод за организирање на превентивни работилници. Волонтерите на Црвениот крст во текот на превентивните работилници со младите од основни и средни училишта, покрај досегашните техники ја практикуваа и новата алатка – видео проекции (пантомима).

Во рамките на редовните едукативни активности на Црвениот крст насочени за превенција од трговија со луѓе, тим составен од 5 волонтери од Клубот на млади на Општинската организација на Црвен крст Карпош заедно со професионални актери ја режираа и одиграа претставата насловена како „Лузна" со тема и содржина директно поврзана со ризиците и опасностите од трговија со луѓе на младите луѓе. Претставта имаа можност да ја следат околу 600 посетители–соработници, поддржувачи на Црвениот крст, а најголем број од нив ученици од средните и основните училишта.



## Европски ден за борба против трговија со луѓе и Недела на борба против трговија со луѓе

Црвениот крст на Република Македонија како член на Секретаријатот на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција со организирање на превентивни активности се вклучи во одбележување на 18 октомври - Европски ден на борба против трговија со луѓе и од 2-9 декември Неделата на борба против трговија со луѓе. По повод традиционалните активности беа организирани работилници за врсничка едукација на млади во основни и средни училишта кои се спроведоа преку општинските организации на Црвен крст. Превентивните лекции имаа за цел подигање на свеста на младите, препознавање на начините преку кои младите можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита. Преку вкупно 69 едукативни работилници беа опфатени над 2.415 ученици од основни и средни училишта.

## *Одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток*

Министерството за труд и социјална политика во текот на зимскиот период организираше бесплатен одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и други права во одморалиштето „Пелистер„ во Битола. Црвениот крст на Република Македонија беше вклучен во оваа проектна активност со ангажирање на волонтери на Црвениот крст во улога на воспитувачи со цел да се анимираат децата за време на нивниот престој. Волонтерите подготвија програми со едукативни, рекреативни, креативни активности кои ги имплементираа заедно со децата за време на нивниот престој на Пелистер. Министерството за труд и социјална политика овој проект го имплементираше и во текот на летниот период, во кој поддршка обезбеди Црвениот крст на РМ. Ангажираните волонтери на Црвениот крст и во текот на месеците јули и август 2014 година ги придружуваа и реализираа соодветни програмски активности со децата во детското одморалиштето „Мајски цвет" – Струга.

## *Вашиот прилог - значајна помош"*

Црвениот крст на Република Македонија под мотото: „Вашиот прилог - значајна помош„ од 22 до 28 април 2014 година со пригодни активности ја одбележа традиционалната „Недела на солидарност" Во рамките на неделата Црвениот крст организираше Собирна акција со цел да се побуди чувство на хуманост, взаемност и солидарност кај граѓаните, посебно кај младата генерација за меѓусебната помош и поддршка, како и да се обезбеди соодветна помош за најранливите категории на население. Во акцијата беше обезбедена вкупна донација во 1.900 кг храна, 10.300 кг облека, 720 пара обувки и парични средства.

Во текот на оваа недела се организираше и акцијата „Од куќа до куќа„ во која волонтери на општинските организации на Црвен крст вршеа посети на граѓаните во нивните домови за обезбедување на донација на парични средства. Граѓаните во акцијата донираа вкупно 210.000 денари. Собраните парични средства од акцијата беа наменети за обезбедување на помош во храна кои се дистрибуирани на семејства во социјален ризик.

## *„Помислете и на нас"*

Црвениот крст на РМ по повод 16 Октомври под мотото „Помислете и на нас" ја спроведе кампањата за обезбедување на помош за ранливото население во земјата. Во рамките на кампањата општинските организации на Црвениот крст и Црвениот крст на град Скопје организираа хуманитарни активности во соработка со образовно - воспитните институции, во соработка и поддршка на компании и граѓани, како и во соработка со граѓанскиот сектор. Во кампањата беа обезбедени вкупно 580.000 денари, кои беа наменети за набавка на храна. Во акцијата обезбедено е вкупно 19.700 кг. храна и 2.700 кг. облека и истите се дистрибуирани на ранливи целни групи на население.

## *Хуманитарна акција „Да споделиме радост"*

Црвениот крст на Република Македонија по четврти пат во соработка и поддршка на EVN Македонија по повод Новогодишните празници организираа заедничка хуманитарна акција „Да споделиме радост".Целта на оваа акција беше да се подари насмевка и радост на децата на социјално загрозени семејства и децата со посебни потреби и да се споделат среќните моменти за Новогодишните празници. За оваа акција обезбедени беа вкупно 680 новогодишни подароци, кои беа подарени на децата на пригодни настани организирани од страна на Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвениот крст: Кочани, Кичево, Струга, Штип, Гевгелија и Струмица, во соработка со вработените на ЕВН во општините. На 12 декември 2014 година беше организиран новогодишен настан во Театарот за деца и млади, каде официјално беа доделени подароците на децата од страна на претставник на ЕВН Македонија и секретарот на Црвен крст на град Скопје.



## Пункт за облека

Црвениот крст на РМ во рамките на плодната соработка која ја остварува со Алфа банка АД Скопје обезбеди поддршка на проектни активности за менаџирање на употреблива облека. Во рамките на проектот на 18 мај 2014 година Црвениот крст на град Скопје отвори Пункт за облека чие опремување и функционирање беше поддржано од банката. Денот на отварањето, беше воедно и Волонтерски ден на Алфа банка и истиот беше одбележан со организирање на хуманитарна акција со вработените на банката за донирање на облека и обувки, селектирање и пакување на облеката наменета за пунктот.

Во предходната година како прва фаза на овој заеднички проект, беа поставени 7 контејнери за донација на облека. Тоа придонесе за зголемување на донациите во облека. Со цел да се овозможи по систематизиран начин на дистрибуција на облека беше отворен овој пункт кој понатаму е планирано да прерасне во продавница за облека во која граѓаните ќе можат за ниски и достапни цени да купуваат половна облека. Средствата кои ќе се собираат од продажбата ќе бидат наменети за самостојно функционирање на продавницата.

## Еднаквост и недискриминација

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Британски Совет и Британска Амбасада во Република Македонија, во рамките на проектот за јакнење на капацитетите на професионалните лица за ефикасно спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација, на 27 и 28 февруари во Велес, организираше семинар за еднаквост и недискриминација за потребите на Црвениот крст на РМ. На истиот учествуваа 20 волонтери и вработени на Црвениот крст на РМ, Црвениот крст на град Скопје и Општинската организација на Црвен крст Велес.

## Заедничка акција со Винчини

Црвениот крст на Република Македонија во соработка со Винчини, во период од 17 ноември 2014 година до 17 февруари 2015 година спроведува кампања за обезбедување средства за поддршка на проектни активности за подобрување на социјализацијата на деца и млади со посебни потреби во дневните центри во Виница, Струмица, Куманово и Штип. За таа цел, компанијата Макпрогрес во текот на кампањата определи еден производ од својата широка палета на производи од Винчини, во која со купување на производот се донираат 5 денари за поддршка на децата со посебни потреби во дневните центри. По завршување на акцијата обезбедените средства ќе бидат донирани на Црвениот крст на РМ за имплементација на проектните активности.

## Поддршка на лица со телесна инвалидност

Црвениот крст на РМ во соработка и поддршка на компанијата Алијанс Уан Македонија обезбеди поддршка за имплементација на Проектот Унапредување на положбата на лица со телесна инвалидност, кој се реализира во период ноември 2014 година – март 2015 година. Истиот се имплементира преку Општинската организација на Црвен крст Виница за кој е формиран тим за акција за следење и реализирање на активностите, во кој е вклучен и претставник на компанијата. Со проектните активности ќе биде отворен Клуб преку кој ќе се имплементираат активности за поддршка на лицата со телесна инвалидност во Општина Виница.

## Хуманитарна акција со Стопанска банка

Во пресрет на Новогодишните празници, Стопанска банка АД – Скопје во соработка со Црвениот крст на Република Македонија, на денот на формирањето на банката, 29ти декември, донираше 506 пакети со храна и средства за хигиена за 253 социјално загрозените семејства во Скопје, Битола, Струмица, Валандово, Кочани, Гевгелија и Струга. Официјалното предавање на донацијата беше организирано во Скопје на кој настан присуствуваа генералниот директор за управување со ризици на Стопанска банка и генералниот секретар на Црвен крст на РМ. Со оваа донација, банката во годината кога одбележа 70 години од своето постоење, уште еднаш ја потврди својата општествено одговорна улога. Донацијата се состоеше од најнеопходни производи потребни за егзистенција на едно семејство, кои беа дистрибуирани преку Црвен крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст во соработка со вработените на филијалите на банката.

## Донација на детски јоргани

Црвениот крст на Република Македонија во соработка со компанијата Комфи Ангел од Прилеп организираше заеднички активности по повод одбележување на 1 август - десетгодишно постоење на компанијата. По овој повод компанијата донираше 10.000 постелнина (детски јорганчиња) кои беа дистрибуирани за потребите на детските

градинки и болниците каде има детски оддели во целата земја. Официјалното предавање на донацијата беше направено на 19.08.2014 година од страна на директорот на копманијата и Генералниот секретар на Црвениот крст РМ.

## Донација на хуманитарна помош од Германски црвен крст на Баден Виртемберг

Како резултат на долгогодишната плодна соработка со Германскиот Црвен крст на Баден Виртемберг во месец септември 2014 година, Црвениот крст на РМ прими донација на хуманитарна помош во кујнски елементи, облека и шатори. Помошта беше наменета за реализирање на хуманитарни цели на Црвениот крст.






# ДИСЕМИНАЦИЈА

## Едукација за хуманитарно дејствување

Програмата за дисеминација на Црвен крст на Република Македонија претставува систем на унифицирано ширење на знаењата на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, основните принципи, амблемот, Меѓународното хуманитарно право како и регрутирање на нови волонтери преку програмата Црвен крст во акција - промоција на хумани вредности. Промоцијата на основните принципи како толеранција, ненасилство и мир, практична примена на универзалните вредности, културата на дијалог, хуманите вредности, активниот однос кон животот, хуманиот однос без дискриминација, практикувањето на хуманитарното образование како и унапредувањето на социјалната вклученост се посебни приоритети во работењето на националното друштво.

Во текот на 2014 година програмата за дисеминација се движеше кон промоција на хуманитарното образование како пристап на Движењето кое претставува образовна платформа за хуманитарна едукација која е воспоставена со цел развој на сите програми кои овозможуваат вклучување на различни целни групи, вклучување на младите на кои им се овозможува да ги анализираат настаните и појавите од хуманитарен аспект, мобилизирање хуманитарна акција во духот на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина, основните принципи и хуманите вредности.

Преку формално и неформално образование, зајакнување на отпорноста на заедниците, културата на дијалог и инклузивниот пристап се придонесе кон промена на навиките, пристапот во хуманитарната акција и стимулирање на практичната примена на основните принципи на Движењето во заедницата.




# НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ЗА МХП

## Следење на развојот на меѓународното хуманитарно право и негова дисеминација во различни сегменти на општествениот живот

Со формирањето на Националниот комитет, Владата на Република Македонија ја изрази својата определба дека формално правниот статус не е доволен за ефективна имплементација на МХП доколку не е пропратен со соодветни активности на национално ниво, во правец на хармонизација преку вградување на обврските во националното законодавство или директна имплементација на обврските кои произлегуваат од меѓународни

договори, превземање и следење на мерки.

Владата на Република Македонија ја усвои "Информацијата за работата на Националниот комитет за МХП за периодот од 2012 – 2014 година" со кој претседаваше Министерството за правда.

Во информативниот период Националниот комитет на МХП како приоритетни ги реализира следниве активности: унапредување и поттикнување на процесот на ратификација на преостанатите конвенции за меѓународно хуманитарно право, формирана е работна група за заштита на културното наследство за време на конфликти, од претставници од Министерството за култура и Министерството за правда на барање на Меѓународниот комитет на Црвен крст, натамошно усогласување на законодавството на РМ со меѓународното хуманитарно право, го разгледа Прирачникот на Меѓународниот комитет на Црвен крст за имплементирање на меѓународното хуманитарно право и оцени дека истиот е корисна алатка во активностите на институциите на национално ниво за имплементација на МХП. Во 2014 година се одбележаа 3 годишнини: 150 години од Женевската Конвенција (1864) за Подобрување на состојбата на ранетите на бојното поле, 60 - годишнината од Хашката Конвенција од 1954 за Заштита на Културното Наследство во случај на вооружен конфликт и првиот Протокол и 15 годишнина од Вториот Протокол.

Во рамките на националното друштво во извештајната година, Националниот комитет за МХП одржа два состаноци. Во следните две години со Националниот комитет ќе претседава Министерството за образование и наука.

# ПРОГРАМА ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА-ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ (ЦКА-ПХВ)

Програмата Црвен крст во акција-Промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ) во текот на изминатиот циклус бележи најдобри резултати до сега за време на целиот период од имплементацијата. Целокупната едукација ја поминаа вкупно 1.247 младинци од кои 1.123 лица изработија мали проекти за добросостојба на заедниците. Изработени се 210 мали проекти во период од три месеци преку кои им е помогнато на 4.055 лица. Дел од проектите беа насочени кон ублажување на проблемите, но дел од нив и за трајно решавање на истите (вработувања на лица од семејства, обновување на домови, реновирање на центри за лица со посебни потреби, организирање на заеднички концерти за промоција на културата и јазикот...). Младинците вкупно реализираа 30.828 волонтерски часа во период од три месеци. Во месец Мај се одржаа и две финални работилници на кои 140 младинци зедоа учество.

Програмата во 2014 година беше поддржана од страна на Американската амбасада во Скопје. Пехари за најдобрите во 2014 година во рамки на ПХВ програмата беа доделени во Скопје и во Неготино и Охрид, општински каде беа реализирани најмногу проекти со титула сонце, за постигнати трајни позитивни промени во заедницата.

Веќе 3-та година по ред се одржува и ЦКА-ПХВ недела која се одбележува од 21-27 септември. Годинава неделата беше одбележана со заедничко танцување, наречено Flashmob, на песна "Среќен" во кое учество зедоа 1.400 младинци. Настанот се случи на 27 септември, на секој плоштад во секој град во Македонија со почеток во 12.00 часот. Младите делеа пораки кои беа испишани на сите јазици Заедно танцуваме-заедно живееме.



# МЛАДИНСКИ АКТИВНОСТИ

Во текот на месец мај 2014 година успешно се спроведоа редовните избори кај младите на сите нивоа во организацијата. Особена карактеристика за изборниот процес беше воведената реформа во организирањето на младите со воведување на координативни тела на локално и национално ниво.

Во периодот од 14-20 Јули 2014 година во Центарот за едукација и рекреација на кадри „Солферино“ беше организирана обука за ефикасно раководење на клубови на млади на која учество зедоа вкупно 60 волонтери - лидери на клубовите на млади. Целта на кампот беше зајакнување на знаењата и вештините на младите волонтери за активно придонесување во процесите на носење на одлуки и склучување на активни партнерства со други владини и невладини организации кои работат за и со млади.

Во периодот од 21-27 јули се одржа уште еден камп на тема:Обука на обучувачи за врснички едукатори за програмите на Црвениот крст. Во овој камп се обучија лица од клубовите на млади кои во иднина ќе можат да обучуваат врснички едукатори со акцент на градење на вештини за едукација и работа со млади, организирање на работилници, пристап и комуникациски вештини, техники на презентирање и слично.

Заклучно со 31.12.2014 година во 31 клуб на млади ООЦК и ЦКГС активни се 1664 млади волонтери што претставува пораст од 342 волонтери во однос на минатата година.

Дополнително со своите активности во рамките на клубовите на млади се организирани и следните едукативни работилници во 2014 година:



Едукативни работилници за превенција и подигање на свест

| *ТЕМА* | *БРОЈ НА РАБОТИЛНИЦИ* | *БРОЈ НА ОПФАТЕНА ЦЕЛНА ГРУПА* |
|---|---|---|
| **ПРЕВЕНЦИЈА ОД ХИВ/СИДА И СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ** | 168 | 4384 |
| **ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ** | 75 | 2251 |
| **ПРЕВЕНЦИЈА ОД БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТИ (АЛКОХОЛ, ДРОГИ, ПУШЕЊЕ)** | 93 | 2777 |
| **ПРЕВЕНЦИЈА ОД ШЕЌЕРНА БОЛЕСТ** | 3 | 73 |
| **ОБУКА ЗА ПРВА ПОМОШ** | 51 | 968 |
| **ПРОМОВИРАЊЕ НА ДОБРОВОЛНО КРВОДАРУВАЊЕ** | 22 | 420 |
| **ДИСЕМИНАЦИЈА ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ** | 17 | 502 |
| **ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВО КАЈ МЛАДИТЕ** | 9 | 225 |
| **ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТУБЕРКУЛОЗА** | 11 | 256 |
| **ЗАБОЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** | 9 | 180 |
| **ПРОМОВИРАЊЕ НА ЗДРАВИ ЖИВОТНИ НАВИКИ** | 22 | 744 |
| **ПРЕВЕНЦИЈА ОД РАК** | 4 | 76 |
| **ПРЕВЕНЦИЈА ОД СРЦЕВО САДОВИ ЗАБОЛУВАЊА** | 4 | 124 |
| **ПРЕВЕНЦИЈА ОД ПЕДОФИЛИЈА** | 6 | 110 |
| ***ВКУПНО*** | ***494*** | ***13 090*** |

Во вкупно 494 едукативни работилници опфатени се 13090 учесници.



# БЛАГОДАРНОСТ ДО ВОЛОНТЕРИ, ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ПАРТНЕРИ И ДОНАТОРИ

## *Особена благодарност до:*

- Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина;
- Меѓународен комитет на Црвен крст;
- Германски Црвен крст;
- Црвен крст на Баден Виртенберг;
- Турска Црвена полумесечина;
- Австриски Црвен крст;
- Амбасада на Соединетите Американски Држави;
- Француска Амбасада;
- Министерство за одбрана;
- Министерство за труд и социјална политика;
- Министерство за здравство;
- Министерство за економија;
- Министерство за внатрешни работи;
- Министерство за образование и наука;
- Центар за управување со кризи;
- Дирекција за заштита и спасување;
- Заедницата на единици на локална самоуправа;
- Завод за социјални дејности;
- СЗО – Канцеларија во Скопје
- Глобален фонд;
- UNHCR
- UNFPA;
- НВО Рубикон;
- ХЕРА;
- Американска стопанска комора;
- Стопанска комора на Македонија;
- Сојуз на стопански комори на Македонија;
- Стопанска комора на северозападна Македонија;
- АД Македонска пошта;
- ЕРА Скопски саем;
- ONE;
- ВИП оператор;
- Фондација Т- Мобиле за Македонија;
- Комерцијална банка АД Скопје;
- АЛФА Банка АД Скопје;
- UNIQA – Австрија;
- Стопанска банка АД Скопје;
- ЕВН Македонија АД;
- САВА осигурување АД Скопје;
- ОКТА АД - Скопје;
- Студио Модерна;
- Алијанс Уан – Македонија;
- Комфи Ангел;
- Винчини;
- КНАУФ;
- ФЕРШПЕД АД Скопје;
- Специјална болница „Филип втори";
- АЛКАЛОИД АД Скопје;
- ЕВРОПА 92;
- Генекс;

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2014 ГОДИНА

Црвениот крст на Република Македонија своето работење го прикажува преку финансискиот извештај кој ги содржи планираните и реализирани приходи и расходи. Финансискиот извештај претставува потврда за успешно имплементираните програмски и проектни активности поддржани од домашни и странски партнери на организацијата.

Работењето на организацијата прикажано преку финансики податоци покажува успешно завршена година со остварување на Буџетот од 199.24% за разлика од 2013 кога остварувањето изнесуваше 136.07%. Сопствени проходи се реализирани со 122.41% и се приближно исти како во 2013 година и учествуваат со 25.02% од вкупно остварените приходи. Приходите од органи и донатори , претставуваат наменски приходи, кои во најголем дел директно се префрлаат во општинските организации, каде се користат за имплементација на проектни активности. Овие приходи се реализирани со 252.03% бележат пораст во однос на 2013 кога се реализирани 138.92% како резултата на спроведената акција за обезбедување финансиска поддршка за настраданото население од поплавите во Република Србија и Република Босна. Истите зафаќаат 74.98% од вкупно реализираните приходи во 2014 година.

Во делот на расходите може да се утврди дека трошењето е контролирано и наменско, што е основна цел на секоја организација. Од вкупно реализираните расходи, функционалните односно програмските трошоци бележат пораст во однос на претходната година и изнесуваат 76.77%, расходот за плата на вработените изнесува 9.28%, а материјалните трошоци изнасуваат 13.95%. Од вкупно реализираните расходи 23.39% се однесуваат за потребите на централата и бележат пад во однос на минатата година, 32,21% се директно префрлени во општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје и истите бележат пад во однос на минатата година како резултат на намалени приходи по основ на крводарителство, додека останатите 44.4% се средства кои се потрошени во централанта канцеларија а се однесуваат за реализација на програмски активности на општинските организации на ЦК и ЦК на град Скопје.

Дел од вишокот на финансиските средства односно позитивната разлика помеѓу приходите и расходите се наменски средства кои се однесуваат на проекти чија реализација продолжува во 2015 година.

Од страна на Извршниот одбор на Црвениот крст на РМ беше формирана комисија, која изврши внатрешна ревизија на финансиското и материјално работење. Исто така беше ангажирана надворешна независна ревизирска куќа, која изврши ревизија согласно Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за финансиско известување и сметководствените прописи кои важат во Република Македонија. Спроед мислењето на ревизорската куќа, финансиската состојба на организацијата Црвениот крст на РМ е прикажана реално и објективно.

Финансискиот извештај се однесува само на работењето на централната канцеларија на Црвениот крст на Република Македонија.



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2014 ГОДИНА
## ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 01.01.2014-31.12.2014

| | Буџет 2014 | Реализирано 2014 | % | % во 2013 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **43,353,105.00** | **86,378,756.00** | **199.24** | **136.07** |
| **Сопствени извори на приходи** | 17,655,100.00 | 21,612,425.00 | 122.41 | 129.66 |
| **Приходи од органи / донатори** | 25,698,005.00 | 64,766,331.00 | 252.03 | 138.92 |
| | | | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **43,353,105.00** | **77,429,582.00** | **178.60** | **120.99** |
| **Плати и надоместоци на вработени** | 6,802,607.00 | 7,185,515.00 | 105.63 | 98.42 |
| **Расходи за материјали и услуги** | 9,373,082.00 | 10,801,363.00 | 115.24 | 141.93 |
| **Функционални (програмски) расходи** | 27,177,416.00 | 59,442,704.00 | 218.72 | 120.74 |
| | | | | |
| **РАЗЛИКА** | **0.00** | **8,949,174.00** | | |

### П Р И Х О Д И

| | ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи / донатори | Буџет 2014 | Реализирано Од сопствени извори | Реализирано Од органи и донатори | Реализирано 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | | | |
| 741 | Министерство за Труд и социјална заштита | 6,000,000.00 | | 6,000,000.00 | 6,500,000.00 | | 6,500,000.00 |
| 741 | Крводарителство ( Министерство за Здравство) | | 6,763,000.00 | 6,763,000.00 | 6,020,000.00 | | 6,020,000.00 |
| 742 | Социјално - хуманитарна дејност | 300,000.00 | | 300,000.00 | 74,882.00 | 6,496,243.00 | 6,571,125.00 |
| 742 | Организација и развој | | | 0.00 | 18,931.00 | 702,632.00 | 777,514.00 |
| 742 | Прва помош | 3,000,000.00 | | 3,000,000.00 | 2,504,874.00 | | 2,504,874.00 |
| 742 | Здравствено воспитание | | 5,735,005.00 | 5,735,005.00 | 0.00 | 5,813,946.00 | 5,813,946.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 742 | Младина | 420,000.00 | | 420,000.00 | 318,000.00 | | 318,000.00 |
| 742 | Катастрофи | | 300,000.00 | 300,000.00 | | 730,933.00 | 730,933.00 |
| 742 | Дисеминација | | | 0.00 | | | 0.00 |
| 742 | ЦК во акција - ПХВ | | | 0.00 | | 12,188.00 | 12,188.00 |
| 742 | Информирање и комуникација | | | 0.00 | | | 0.00 |
| 742 | Служба барање | | | 0.00 | | 415,264.00 | 20,399.00 |
| 742 | Меѓународно оделение/меѓународна соработка | | 200,000.00 | 200,000.00 | | 20,399.00 | 5,563,981.00 |
| 742 | Мобилизирање на фондови | | 2,500,000.00 | 2,500,000.00 | | 5,563,981.00 | 0.00 |
| 742 | Финансии (други приходи)/кредит за кола/задршка од вработени,камати | | | 0.00 | 77,388.00 | | 77,388.00 |
| 72 | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | | | | |
| 725 | Од ООЦК ( по основ на котизација ) | 1,500,000.00 | | 1,500,000.00 | 1,357,284.00 | | 1,357,284.00 |
| 725 | Донација од физички лица | 200,000.00 | | 200,000.00 | | 12,787.00 | 12,787.00 |
| 725 | Донација од правни лица / Продажба на возила | 500,000.00 | | 500,000.00 | | | 0.00 |
| 725 | Доплата марки ( од законот на ЦК ) | 300,000.00 | | 300,000.00 | 225,351.00 | | 225,351.00 |
| 723 | Од закупнинана деловен простор/дуги приходи/ приходи од продажба на капитални средства | 2,472,300.00 | | 2,472,300.00 | 4,367,176.00 | | 4,367,176.00 |
| 725 | Од регистрација возила | 1,020,000.00 | 10,200,000.00 | 11,220,000.00 | | 10,824,869.00 | 10,824,869.00 |
| 725 | Други приходи/приходи од камата //Фонд на солидарност /Фонд за развој/пхв | 442,800.00 | | 442,800.00 | 148,539.00 | 26,886,553.00 | 27,035,092.00 |
| 725 | Пренесени приходи од претходна година | 1,500,000.00 | | 1,500,000.00 | | 7,286,536.00 | 7,286,536.00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **17,655,100.00** | **25,698,005.00** | **43,353,105.00** | **21,612,425.00** | **64,766,331.00** | **86,378,756.00** |

## Р А С Х О Д И

| | ОПИС | Од сопствени извори | Од органи и донатори | Буџет 2014 | Реализирано Од сопствени извори | Реализирано Од органи и донатори | Реализирано 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | | | | | |
| 401 | ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 5,865,323.00 | 887,284.00 | 6,752,607.00 | 7,100,011.00 | 0.00 | 7,100,011.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 402 | ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК | 50,000.00 | 0.00 | 50,000.00 | 80,420.00 | 5,084.00 | 85,504.00 |
| | ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ | 5,915,323.00 | 887,284.00 | 6,802,607.00 | 7,180,431.00 | 5,084.00 | 7,185,515.00 |
| 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ | 100,000.00 | 0.00 | 100,000.00 | 185,776.00 | 126,800.00 | 312,576.00 |
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 975,000.00 | 0.00 | 975,000.00 | 1,349,941.00 | 36,744.00 | 1,386,685.00 |
| 422 | ЗАТОПЛУВАЊЕ | 650,000.00 | 0.00 | 650,000.00 | 334,468.00 | 0.00 | 334,468.00 |
| 423 | КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | 1,445,000.00 | 110,242.00 | 1,555,242.00 | 1,587,494.00 | 618,043.00 | 2,205,537.00 |
| 423 | МАТЕРИЈАЛИ | 1,571,000.00 | 1,763,152.00 | 3,334,152.00 | 2,471,534.00 | 1,847,841.00 | 4,319,375.00 |
| 424 | ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 808,000.00 | 0.00 | 808,000.00 | 1,485,783.00 | 2,829.00 | 1,488,612.00 |
| 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 5,714,082.00 | 3,742,578.00 | 9,456,660.00 | 3,300,153.00 | 6,391,181.00 | 9,691,334.00 |
| 426 | ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 400,000.00 | 0.00 | 400,000.00 | 1,048,337.00 | 23,773,486.00 | 24,821,823.00 |
| 463 | ТРАНСФЕРИ ДО НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ | 0.00 | 18,761,444.00 | 18,761,444.00 | 0.00 | 24,941,647.00 | 24,941,647.00 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | **17,578,405.00** | **25,264,700.00** | **42,743,105.00** | **18,943,917.00** | **57,743,655.00** | **76,687,572.00** |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | | | | | |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА | 60,000.00 | 0.00 | 60,000.00 | 305,562.00 | 136,023.00 | 441,585.00 |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 100,425.00 | 0.00 | 100,425.00 |
| 481 | ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ | 450,000.00 | 0.00 | 450,000.00 | 200,000.00 | 0.00 | 200,000.00 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **510,000.00** | **0.00** | **510,000.00** | **605,987.00** | **136,023.00** | **742,010.00** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **18,088,405.00** | **25,264,700.00** | **43,253,105.00** | **19,549,904.00** | **57,879,678.00** | **77,429,582.00** |

Финансиска Служба — Генерален Секретар

Жаклина Поповиќ — д-р Саит Саити

| | | % |
|---|---|---|
| трансфери во ООЦК | 24,941,647.00 | 32.21 |
| трошоци за централата | 18,108,594.00 | 23.39 |
| трошоци од централата за ООЦК | 34,379,341.00 | 44.40 |
| **вкупно** | **77,429,582.00** | **100.00** |

## Реализирани приходи во 2014







## Расходи во 2014






До:
Раководството на
ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" (во понатамошниот текст Организација), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2014 година, како и на Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промени во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки. Приложените финансиски извештаи за 2014 година се состојат од извештаите за редовното работење на Организацијата како и извештаите за проектите: 1) Кампања за ХИВ/СИДА; 2) SEE Форум за адаптација на климатски промени; 3) Глобален фонд за одржување на ниска преваленца на ХИВ/СИДА во РМ; 4) Меѓународна федерација на Црвен Крст и Црвена Полумесечина; 5) Грижа за стари лица во заедницата; 6) ДОТС Интервенции во РМ, 7) Промоција на хумани вредности и извештаите за двата фонда: 1) Фонд за развој и 2) Фонд за солидарност, како и сметка за донации по електронски пат. Проектите се финансирани од посебни донатори и истите се реализираат преку посебни (наменски) подсметки на Организацијата. За нив Организацијата не изготвува посебни финансиски извештаи.

**Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи**

Менаџментот на Организацијата е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**Мислење на ревизорот**

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на организацијата на ден 31 декември 2014, како и резултатите на нејзиното работење и промените во фондовите за годините кои завршуваат на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Менаџментот на Организацијата е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со Законот за здруженија и фондации. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2014 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", Скопје за годината која завршува на 31 Декември 2014 година.

Скопје, 03 март 2015 година

Управител
Драган Димитров

Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје

Овластен ревизор
Звонко Кочовски






B-1


ПУНКТ ЗА
ОБЛЕКА


WWW.REDCROSS.ORG.MK

www.facebook.com/CrvenKrstNaRepublikaMakedonija

www.youtube.com/MacedonianRedCross